YOUR QUEST FOR GOD . MACEDONIAN . 142 x 210 mm JH

**ПРЕКУ 2 МИЛИОНИ ПРИМЕРОЦИ НА 32 ЈАЗИЦИ**



# Твојата потрага по Бог

*Кариерата на Др. Ричард А. Бенет започнува во канцеларијата на градскиот архитект. Во текот на школувањето ја започнува својата потрага по Бог. Потоа ја напушта работата во англискиот совет и заминува во САД да ја проучува Библијата.*

*Оваа книга ја открива важноста на прашањето дали може да му се верува на некој духовен водач, без разлика дали тоа е личност или книга. Понатаму, оваа книга ги дава одговорите на прашањата при твојата потрага по Бог.*

*Дали има одговори на овие важни прашања на кои може да им се верува? Ричард Бенет е убеден дека самиот Бог ги дава овие одговори. Затоа тој ја напиша оваа книга.*

*Ричард Бенет е присутен повеќе од 20 години на програмите на Транс Ворлд Радио и на корпорацијата Фар Ист.*

*"Ова е книгата за која се молев 20 години"*
Џорџ Вервер, Основач и директор на Операција Мобилизација



ISBN 9989-2082-2-0
9 789989 208225

MAC

Твојата потрага по Бог

*Ричард А. Бенет*

# Твојата потрага по Бог



*Ричард А. Бенет*

# Your Quest fo God

**Macedonian**

**Richard A. Bennett**

Cross Currents International Ministries
www.ccim-media.com

Originally published in English as
Your Quest for God by Richard A. Bennett.
© 1998 by Cross Current International Ministries.
English edition published by
Cross Currents International Ministries, Lynden, WA, USA

© 2002 by Cross Current International Ministries
for the Macedonian edition.
Translated by permission. All rights reserved.

Наслов на оригиналот: Your Quest for God

Автор: Richard A. Bennett

Превод: Наташа Здравковска

Обработка: Јован Јоновски

Издавач: ЈОНОВСКИ Ј. во соработка со Cross Current International Ministries и Operation Mobilisation

© 2002 Cross Current International Ministries. Сите права задржани.

Преведено со дозвола.

Печати: МАРИНГ

CIP " Каталогизација во публикации,
Народна и универзитетска Библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

231 (02.062)

БЕНЕТ, Ричард А.

Твојата потрага по Бог / Ричард А. Бенет; (превод Наташа Здравковска). – Скопје: Јоновски Ј., 2002. – 103 стр. 21 см

Превод на делото: Your Quest for God / Richard A. Bennett

ISBN 9989"2082"1"2

а) Бог – Христијанство – Вовед – Популарна литература

COBISS"ID 50747146

# *Содржина*

**Предговор** ........ **5**
**Вовед** ........ **6**

**1. Дали навистина постои Бог?** ........ **9**

**2. Дали може да му се верува на твојот духовен водач?** ........ **15**

**3. Каков е Бог?** ........ **25**

**4. Што навистина ги дели луѓето?** ........ **33**

**5. Кој е вистинскиот проблем?** ........ **43**

**6. Зошто луѓето толку скршнале од вистинскиот пат?** ........ **49**

**7. Дали Бог навистина ме сака?** ........ **57**

**8. Каде можам да најдам живот?** ........ **73**

**9. Како можам да станам дел од Божјото семејство?** ........ **83**

**10. Што потоа?** ........ **91**

**Мојот завет на вера** ........ **98**

Без охрабрувањето, љубовта,пожртвуваноста и молитвите од мојата сопруга, Дороти, оваа книга никогаш не ќе беше напишана. Како што Павле рекол за Феба, така јас велам за неа: …*Самата таа им помогнала на многумина… и на мене исто така.*

# *Предговор*

Срдечно ја препорачувам оваа книга, „Твојата потрага по Бог", од две причини. Првата е што го познавам авторот! Тој е мој син во верата, и за мене нема поголема радост од тоа да чујам дека моите деца одат во вистината (3 Јован 4).

Втората причина е повеќе објективна. Д-р. Ричард Бенет направи величенствена работа со јасното, концизно и уверливо детално објаснување на суштината во односот на човекот кон Бога.

Библијата ни дава до знаење дека Бог ја има всадено вечноста во човековите срца (Проповедник 3:11). Од тука следи дека бидејќи човекот е создаден за вечноста, минливите работи никогаш не можат целосно и постојано да го задоволат. Постои бескрајна празнина која само Бог може да ја исполни. Св. Августин совршено го потврдил тоа, кога изјавил, „О Боже, Ти нè создаде за Себе, и нашите души се немирни сè додека не се смират во Тебе". Оваа книга ни помага да ја следиме таа потрага сè додека не најдеме смирување во живеењето и личната поврзаност со Вечниот Бог.

Мојата искрена молитва е многумина кои ќе ги читаат страниците кои следат и ќе обрнат внимание на пораката која ја разоткрива славата на Бог и нивното вечно добро.

Д-р. Стивен Ф. Олфорд
Мемфис, Тенеси

# *Вовед*

При нашите опсежни патувања, Дороти, мојата сопруга, и јас сретнавме многу пријатели на главните и споредните животни патишта. Тие доаѓаа од многу различни култури, социјални позадини и образовни нивоа.

Не веруваме дека беше случајност што се сретнавме со тие поединци. Ниту пак веруваме дека е случајност што оваа мала книга е во твоите раце.

Првото издание на „Твојата потрага по Бог", на која потоа беа направени две ревизии, беше личен проект на благодарност. Како што јас и Дороти се приближувавме кон нашата 25-та годишнина на бракот, размислувавме што може да биде најсуштинскиот начин на кој ние би ја изразиле нашата благодарност кон Бог за Неговата добрина кон нас.

Кој е подобар начин, размислувавме, од тоа да се напише, отпечати и даде на 25.000 луѓе порака која ќе им донесе надеж и мир. Тоа е по една илјада за секоја година од нашиот брачен живот.

Бог го благослови овој мал труд на љубов, со тоа што книгата буквално си го најде својот пат ширум светот. Сите 25.000 примероци отидоа право во рацете на луѓе од многу различни земји. Наша најголема радост беше добивањето писма од оние кои, како резултат од читањето на „Твојата потрага по Бог", пронашле нова смисла во животот.

Пристигаа бројни барања да ја преведеме книгава на други јазици. Затоа, ние одлучивме за таа цел да ја направиме првата ревизија на текстот со молитва дека на многу повеќе луѓе ширум светските континенти ќе им помогне во нивната потрага по Бог. Како резултат, преку два милиона копии на триесет јазици беа отпечатени и дистрибуирани надалеку и нашироко. И сега ние исто така се молиме ова второ издание, што вклучува дополнителен материјал, да донесе дополнителна помош на читателот.

Првите две глави нема да бидат од еднаво значење за секој читател. Првата глава е пишувана за оние луѓе кои се сомневаат во постоењето на Бог. Додека втората глава, иако ќе биде особено интересна за они кои се научени во сѐ да се сомневаат, таа е навистина суштинска за сите читатели, бидејќи го охрабрува секој да ги процени сопствените верувања и ставови.

Како и да е, овие воведни глави се суштински за целокупната тема, бидејќи помагаат да се воспостави доверба во преостанатите информации. Следните глави, од третата до десетата, содржат основни вистини кои ќе ти помогнат во твојата потрага по Бог. Затоа, со задоволство го предаваме ова ново издание во Божјите раце да го благослови како што Тој смета дека е најдобро.

Јас и Дороти, сакаме да ја забележиме наштата благодарност кон Бог за љубовта, молитвите и спремноста на многуте посебни луѓе кои со нас го споделија сопственото искуство во односот кон Бог. Ги има премногу за да ги имануваме сите. На сите овие пријатели им велиме: „Ви благодариме".

***Геологијата е автобиографија на земјата, но за разлика од сите автобиографии, таа не се враќа на почетокот.***

***Сер Чарлс Лајл***

ГЛАВА

1

# Дали навистина постои Бог?

Можеби имало периоди во твојот живот кога работите изгледале толку мрачни, така да не само што си се посомневал во љубовта Божја, туку си се посомневал и во Неговото постоење воопшто.

Во Библијата, постоењето на Бог не е објаснето, ниту пак докажано. Тоа едноставно е прифатено како вистина. Првата реченица во Библијата *„Во почетокот Бог ги создаде небесата и земјата"* (Битие 1:1) е изјава која влева стравопочит, која истовремено е и едноставна и длабока. Таа изјавува дека Бог постои, и дека Тој е Создател на Универзумот.

Пред многу години мојата сопруга работеше како виша медицинска сестра во една од најугледните психијатриски болници во Европа. Еден ден главниот психијатар, кој тврдеше дека е атеист, ја задевал Дороти во врска со нејзината вера. „Докторе", одговорила таа, „знаете дека јас длабоко ве почитувам како авторитет во вашата област. Вие сте високо почитуван универзитетски предавач, и во медицинската професија вашето име е широко познато и почитувано. Како и да е, може ли да ви предложам, пред вашето повторно тврдење дека сте атеист, да ја прочитате Библијата со истата ревност со која се карактеризираат вашите психијатриски истражувања."

Тогаш таа го потсетила на неколку од неговите пациенти, неодамна пуштени од хроничното одделение, поради чудесните промени кои силата Божја ги направила во нивните животи. Таа беше во можност да именува еден или двајца кои биле толку драматично изменети, што тие веќе воделе продуктивен живот. Дороти му кажала на реномираниот психијатар како секој од овие пациенти го запознале Бог на личен и жив начин. Самиот доктор бил во суштина свесен дека тие пациенти претходно биле безуспешно лечени според најновите психијатриски техники. Ниту како атеист, дури ниту како психијатар, тој не можел да го објасни феноменот на нивните изменети животи.

Докторот, кој штотуку ѝ кажал на Дороти дека не верува во

Бог, го завршил разговорот со тоа што побарал од неа да се моли за него! Тој исто така ветил, за прв пат во својот живот, дека ќе започне со читање на Библијата без предрасуди.

По седум недели внимателно читање, психијатарот ѝ кажал на Дороти дека повеќе не тврди дека е атеист. Меѓутоа, тој сè уште имал проблем, бидејќи увидел дека вистинското предавање на Бог ќе бара промени во неговиот начин на живеење. „Мојот проблем не е веќе од интелектуална природа," признал тој, „но јас открив дека не сакам да ги прифатам промените кои ќе настапат ако станам посветен верник."

По десетгодишните молитви за нашиот пријател, доктор, ние најпосле добивме писмо во кое тој ни кажува за неговата новооткриена вера и за неговата лична посветеност на Бог. Ние бевме пресреќни, но не премногу изненадени, бидејќи знаевме дека верата доаѓа од слушање, и тоа од слушање на Божјото Слово (Римјаните 10:17).

За да ни помогне секој од нас да Го спознаеме, Бог сместил во нашето битие длабока внатрешна свест за Неговото постоење.

Некои луѓе можат да изберат да не веруваат во Бог, но никогаш немало личност на планетава Земја која можела да не верува во Бог.

Дури и во самиот физички универзум, Бог дал многу докази за Своето постоење. Колку подлабоко одат истражувањата на науката од 21-от век во тајните на универзумот, толку побесмислено е да се тврди дека сето тоа настанало без Создател. Никогаш никој не би тврдел дека вселенски брод може да се вивне во вселената, да кружи по орбита околу Земјата, и потоа да се приземји во очекуваниот момент и локација, без спој на креативната генијалност на дизајнери, техничари и математичари. Исто така, залезите на сонцето и годишните времиња, галаксиите и атомите, силата на гравитација и моќта на љубовта, никогаш не би постоеле без план и дизајн од Создател, Бог.

Сигурно треба милион пати повеќе вера за да се верува дека средено и совршено создавање на светот настанало од „големиот прасок", отколку што треба за да се верува во Бог, Создател, бидејќи не може да има создание без претходно да има создател.

Дури и владата која го порекнала Божјото постоење, всушност сопствената доверба во вселенското постоење на единство на закон и ред ја изразува секој пат кога испраќа космонаут во вселената. Само соработувајќи со овие закони нивните космонаути може безбедно да се вратат на земјата. Нели изгледа необично што истите луѓе кој се потпираат на природните закони, да го отфрлаат постоењето на Законодавец, постоењето на Врховен планер?

Притоа сите ние сме свесни за опустошувачката и разорна сила што се ослободува при експлозија на атомска бомба. Сепак, пресметано е дека секоја секунда сонцето ослободува количина на енергија еднаква на пет илјади милијарди атомски бомби. И во споредба со други ѕвезди кои емитираат енергија, нашето сонце и не е така големо; и ние сè уште не знаеме колку многу ѕвезди всушност има во универзумот. Иако милијарди ѕвезди се собрани во човековиот видокруг, тие можеби се само граница од непознатото пространство. Денес, меѓутоа, астрономите признаваат дека енергијата ослободена во некои галаксии е милијарди пати поголема од онаа која ја оддава нашето сонце. Како може да постои таква енергија ако нема Создател, чија моќ е безгранична?

Всушност, создавањето нè запознава со Бог на Создавањето, Бог на Законот и Бог на Бескрајната Моќ. Библијата вели:

> *Небесата ја раскажуваат Божјата слава, небесниот свод го навестува делото на Неговите раце. Денот на ден му го објавува тоа, а ноќта на ноќ ѝ соопштува. Нема говор ни јазик, каде не ќе се чуе нивниот глас. Нивната вест се рашири по целата земја, и нивните зборови до крајот на вселената* (Псалм 19:1-4).

> *Неговите невидливи особини, Неговата вечна сила и божествена природа, јасно се гледаат уште од создавањето на светот, и можат да се разберат преку создаденото, па немаат оправдание* (Римјаните 1:20).

Така, нема оправдување за никого и никаде, да го оспорува Божјото постоење.

**Одразувањето на големината, редот и моќта што Бог ги создал прави многу луѓе да се чувствуваат многу мали и безначајни.**

Израелскиот Крал Давид ја имал таа реакција и ја изразил на следниот начин:

> *Кога ги гледам Твоите небеса, делото на Твоите прсти; месечината и ѕвездите што си ги поставил. Што е човекот за да си спомнуваш за него?* (Псалм 8:3,4)

Денес, нашето знаење за ѕвезденото небо е многу поголемо, гигантски телескопи го зголемуваат нашиот поглед кон универзумот за

половина милион пати и сателитите патувајќи низ вселената сигнализираат и праќаат слики назад на Земјата. Како резултат, ние можеме да бидеме доведени во искушение, да си го поставиме истото прашање, како што тоа го направил Крал Давид: „Како може Бог, кој го создал сето ова, да биде заинтересиран за мене малиот?"

За среќа, сепак, ерата на телескопот е исто така и ера на микроскопот. Денес, ние знаеме дека постои и свет во минијатура, кој може да се види само преку микроскоп, и е неверојатен како и големината на вселената. Дури светлоста е премногу груба за да ги открие тајните на тоа микроскопско царство. Тоа што не може да се види со окото на традиционалниот лабораториски микроскоп, може да се долови со електронскиот микроскоп, што понатаму ја открива убавината, дизајнот, законот и моќта отелотворени во нашиот бескрајно мал свет.

Така, ако некогаш се прашуваш дали Бог размислува и за некој толку мал како тебе, слушни што ќе ти каже нуклеарниот физичар за тоа колку е значајна вистински малата величина за зачувување на целиот универзум. Со одвојување на неутроните и протоните од атом на растојание од само милијардити дел од милиметарот, наместо материјата да прескокне во цврста маса, светот би се распрснал во космичка нуклеарна експлозија. Да, за Бог на создавањето малите работи се исто толку значајни како и големите.

Повторно се уверуваме во сознанието дека кога ќе си го поставиме прашањето: Што е човекот, та си спомнуваш за него? Човековата величина не е таа што ја одредува неговата вредност. Напротив, нашите лични вредности за Бог се засновуваат на многу различни фактори. И Бог ни открил, зошто ние сме толку вредни за Него и толку сме драгоцени во Неговиот поглед.

Иако самото дело кажува за Бог на создавањето, законот и моќта, Бог одбрал и друг начин за да се открие како Бог на бескрајна љубов и милост, Единствениот кој ни посакува само добро. Но ако сакаш да го најдеш Бог таков, неопходно е твојот духовен водач да биде потполно сигурен и од доверба.

**Пауза за размислување**

1. Ако фрлиш метални предмети во воздух, дали очекуваш да фатиш часовник?
2. Дали универзумот со својот прекрасен дизајн може да се случил онака случајно?
3. Иако созданијата можат да укажат на Бог Создател, кој се манифестира како Бог на дизајнот, на законот и на моќта, дали тоа создание е доволно само по себе да ти даде доволно инфорамации за Божјата љубов и милост?

*Темната пештера може со леснотија да биде помината од оној кој во неа влегува со факел.*

***Платон***

*Природата е мрачната светлина од пештерскиот отвор; факелот е Светото Писмо.*

***А. Х. Стронг***

ГЛАВА

2

# *Дали може да му се верува на твојот духовен водич?*

Пред извесно време весниците повторно раскажуваа за алармантниот факт дека поради грешка во радарскиот сигнал била предизвикана трагична загуба на човечки животи во авионска несреќа. И сепак таа трагична несреќа бледнее до безначајност кога ќе се спореди со тоа што се случува доколку луѓето ја насочат својата доверба во „духовен радарски систем” кој директно ги води во духовна катастрофа.

Денес постојат многу спротивставени и збунувачки гласови во светот, и секој тврди дека води до Бог. Како ќе знаеш кому да му веруваш? Во твојата потрага по Бог не смееш да си дозволиш да бидеш воден од погрешен глас бидејќи исходот од таквиот комар е бесконечен.

Британскиот премиер В. Е. Гладстоун запишал: „Библијата е запчатена со посебноста на потеклото, и немерлива далечина ја дели од сите нејзини соперници.”

Американскиот претседател Абрахам Линколн еднаш рекол: „Верувам дека Библијата е најдобриот подарок што Бог му го дал на човекот”.

Иако многу големи луѓе низ историјата навистина посведочиле за нејзината единственост, Библијата навистина останува на сопствените записи.

Кралот Давид бил јасен во врска со довербата кон неговиот духовен водач. Тој рекол: *„Твоето слово е светилка на мојата нога и светлина на мојата патека”* (Псалми 119:105).

До денешен ден луѓето сознаваат дека на Библијата може да ѝ се верува како на водич до Бог. Наспроти оние кои се обиделе да ја уништат нејзината веродостојност, Библијата цврсто и верно стои и денес, исто како и во минатото; таа е навистина единствена меѓу сите пишани дела на земјата.

Бидејќи на луѓето им е потребна потврда дека Библијата истовремено е и единствена и вистинита, Бог ја запечатил со многу печати кои го потврдуваат нејзиното постоење како „Словото Божјо". Истовремено и во рамките на страниците на Светото Писмо, како и во историските записи од нецрковно потекло, чесниот истражувач ќе открие неоспорен доказ кој го поткрепуваат фактот дека: *„Целото Писмо е од Бог вдахновено"* (Второ послание до Тимотеј 3:16).

Доколку Библијата била пишувана од еден писател, не ќе бевме изненадени во откривањето дека темата се развива на редоследен и прогресивен начин. Како и да е, оваа Книга над Книгите, не била напишана само од една личност, туку од многу различни автори од различни култури во временски распон од неколку века; сепак таа содржи усогласен, редоследен и единствен развој на вистината за Бог. Тоа самото по себе е извонредно, повеќе од извонредно – тоа е чудесно!

Понатаму, археолозите постојано обелоденуваат нови докази кои ја потврдуваат точноста на Библиските записи. Настани кои порано биле изложени на потсмев, сега се потврдени со ископите на современите археолози.*

**Библијата навистина е Божја Книга која ја содржи Божјата Порака до сите луѓе.**

Наспроти фактот дека Библијата е Божја Книга, некои луѓе сѐ уште се одвраќаат од читањето на Библијата, поради познатата заблуда дека светот е поделен на две групи: научници кои се соочуваат со фактите, и вистински верници кои замижуваат пред нив. Тоа подразбира дека вистинскиот научник не може да биде вистински верник. Меѓутоа, денес има многу големи научници кои ја порекнуваат оваа претпоставка. Иако Библијата не е научна читанка, каде и да допрела никогаш не била дискредитирана од страна на востановените научни факти. Напротив, со својата цел и намера, Библијата оди многу подалеку од научните ограничувања.

На пример, науката не може да даде објаснување зошто сме тука на земјата, ниту пак да ни каже каде одиме кога нашиот земен

На пример, во 1868 година, германскиот патник по име Клејн ја посети прастарата земја Моаб, кој денес се вика Јордан. Таму тој открил камен споменик испишан со триесет и четири редови напишани од Меса, царот на Моаб. Овој натпис е испишан во спомен на револтот против Израел. И Омри и Ахав се спомнати во 2 Цареви и на споменикот. И двата случаи ни кажуваат дека израелските цареви биле окупатори во Моаб. Многу такви денешни откритија ја потврдуваат историската валидност на библиските записи.

живот завршува. Исто така науката не може да даде одговор за суштината на животот, или да ја одреди вистинската вредност на една личност. Без разлика колку еден човек може да биде паметен (или ограничен), секому му е потребна божествена помош за да ја спознае вистината за Бог. Сигурно поради тоа францускиот филозоф и математичар, Блејз Паскал, рекол: „Врвното достигнување на разумот е да ни покаже дека постои негово ограничување". Никогаш не би имало веродостојни одговори на прашањата од најголем животен значај, ако не беше Книгата Божја.

Дозволи сега да земеме во предвид два силни показатели кои укажуваат дека Библијата навистина е Книга Божја.

Првиот показател е нерверојатната точност на нејзините претскажувачки пророштва. Вториот показател е моќното и позитивно влијание, кое Библијата го извршила кај луѓето кои сериозно ја сфатиле нејзината порака.

### *Точноста на Библиското пророштво*

Во повеќето од нас постои вродена љубопитност да дознаеме што носи иднината. А Библијата открива некои од најзначајните настани од иднината, многу од нив со сложени и восхитувачки детали. Сега би можел да прашаш: „Како може да си толку сигурен?".

За да го одговориме ова прашање да замислиме дека пешачиш во природа, во предел каде дотогаш не си биле. Мапата во твоите раце е твојот единствен водач. Вчера си открил дека на мапата може целосно да ѝ се верува, бидејќи точно како што таа покажувала, си ја нашол реката и потоа и селото во кое ја преспа претходната ноќ. Денес треба да одлучиш и да одбереш нова патека. Пред тебе е непозната територија, но твојата мапа ти дава информација дека ако свртиш лево ќе поминеш низ некои шуми каде ќе најдеш големо езеро. Сега би сакал да го видиш тоа езеро, па што ќе сториш? Мислам дека би ја следел насоката на мапата и дека би свртел лево. Сигурно, главната причина за твојата доверба при таа постапка е фактот што вчера твојата мапа се потврдила како точен водач на непозната територија. Ти кажала што би нашол пред да отидеш на самото место, и била во право!

Еден од најизвонредните докази дека Библијата е Божјо Слово е нејзината единствена точност при претскажувањето на идни настани. На нејзините страници може да прочитаме многу пророштва кои, од денешно гледиште, знаеме дека сосема точно се исполниле и покрај тоа што биле проречени стотици години порано.

Овие пророштва покриваат извонредно подрачје, опфаќајќи ги

сите луѓе на земјата, како и вклучувајќи специфични детали за Израел и Средниот Исток. Дури многу позначајни се стотиците претскажувања поврзани со доаѓањето на Месијата. Бидејќи многу од овие пророштва за Месијата сега се минато, препознаваме колку биле неверојатно точни во некои крајно невозможни детали во врска со раѓањето, животот и смртта на Месијата.

Врз основа на таков запис, разбирливо е (истовремено и правилно) да се претпостави дека иднината ќе се одвива точно според Библиските предвидувања. И секоја година, и понатака се потврдува точноста на Библиските пророштва, кои се одвиваат пред нашите очи. Всушност, да се чита Библијата е како денес да читаш утрешен весник.

Д-р. Вилбор Смит беше доживотен ученик на Библијата. Тој со посебно воодушевување укажува на точноста во детали на Библиското пророштво. За многуте други учења кои тврдат дека ја имаат вистината, наспроти многуте пророштва во Стариот Завет во кој се зборува за Месијата, Вилбор Смит забележал дека „Мухамеданизмот не може да посочи ниту едно пророштво дадено стотици години порано, за појавувањето на Мухамед кое ќе се исполни во потполност. Ниту пак основачите на било кој култ точно да идентификуваат било каков древен запис кој посебно го предвидува нивното појавување."

Ние сега мора да го признаеме дека постојат така наречени „пророштва" кои не бараат многу инспирација за да бидат точни.

Со помош на компјутерите, интервјуата на денот на изборите и историските податоци, новинските медиуми можат да го предвидат победникот на изборите пред да се затворат гласачките кутии. Покрај сите статистички податоци кои им се достапни, не е ништо необично кога ќе го „прогласат" победникот пред време.

Како и да е, обиди се да запрашаш некој новинар да ти ги каже кандидатите кои ќе бидат во изборниот круг за дваесет или педесет години од сега. Прашај го кој ќе победи, и потоа прашај го за поединостите за тоа каде победниците ќе бидат родени, нивните идни животи, и дури и за околностите кои ќе бидат поврзани со нивната смрт. Оди уште подалеку, прашај го новинарот за сигурни информации за тоа што ќе се случува на Блискиот Исток за 1000 години. Исто така побарај од него да ти да ги прецизира градовите кои ќе замрат за еден подолг временски период.

Сигурно ќе се согласиш дека секој пат кога од новинарот се бара дополнително предвидување, има голем пораст на неверојатни ситни детали кои се против неговата прецизност и точност во предвидувањата. Така е, се разбира, освен ако Бог на вечноста не

му кажува поединости за иднината; само во тој случај може да очекуваме од новинарот да го знае крајот од самиот почеток. Вакви случаи како оние кои ги наведовме за новинарот, заедно со многу други, дури и посложени детали, покривајќи многу поголем временски интервал, се проречени во Библијата.

Историјата на античкиот град Тир, на пример, е неверојатното исполнување на тоа што Бог го предвидел дека ќе му се случи на тој град.

Ако си заинтересиран, најпрво прочитај ги пророштвата забележани во Книгата на пророк Езекиел 26, од стих 3-ти до 21, и потоа провери во Енциклопедија Британика и други историски записи. На обете места ќе ја прочиташ истата приказна, првата е пророштво, а втората историски запис.

**Пророштво:** Многу одамна пред да се случи, Бог прорекол бурна иднина за градот Тир. Тој рекол:

> *„Еве Ме Тире, против тебе, ќе подигнам против тебе силни народи, …ќе ги разурнам тирските ѕидови, и ќе ги разурнат сите неговите стражарници.”* Исто така, претскажано е дека самото место на кое овој славен град бил изграден, ќе биде расчистено до гол камен. Дури и повеќе од тоа, проречено е дека тие…
>
> *„…Камењата, дрвото, твојот прав ќе ги фрлат во морето!”* Но неверојатните детали на овие пророштва не завршуваат со тоа. Бог рекол за древниот Тир:
>
> *„…ќе станеш сушилница за мрежи”* (Книгата на пророк Езекиел глава 26 стихови 3,4,12,14)

**Историја:** Кога ги читаш историските записи, ќе се потврди дека кога Навуходоносор го уништил стариот (копнен) град Тир, тој навистина ги урнал ѕидините и стражарниците како што било проречено. А подоцна конструкторите на Александар Македонски го расчистиле древниот град Тир и го оставилер налик на гола карпа.

Кога тие ги фрлиле рушевините на градот во морето за да издигнат насип до островот, тоа било точно според пророштвото: камењата и дрвата и правот биле всушност фрлени во водата. Да, до денешен ден рушевините на антички Тир се покриени со морските води. Бог рекол дека тоа ќе се случи и тоа се случило.

Иако денес постои добро познат град наречен Тир на Средниот Исток, тоа не е арнтичкиот град Тир кој конечно бил уништен во 1291.

Ако имаш можност да го посетиш местото на античкиот град Тир, ќе видиш дури поневеројатно исполнување на овие пророштва. Таму ќе видиш мало село од неколку збиени рибарски колиби, каде ќе забележиш рибарски кајчиња како пловат по морето и рибрарски мрежи кои се сушат на голите карпи! Како можела човечката мудрост да предвиди таква несоодветна иднина за така успешен трговски град како што бил древниот Тир?

Питер Стонер споредил седум пророштва за античкиот Тир со историските записи. По пресметките на математичката веројатност за исполнувањето на пророштвата според Езекеил, тој забележал:

„Ако Езекеил го погледнел Тир во свое време, и ги направел овие седум пророштва со човечка мудрост, овие пресметки на веројатноста значат дека има една можност спрема 75 милиони за нивно целосно остварување. Сепак тие се обистиниле до најситни детали.”

Сега да рзгледаме само едно од пророштвата кој се однесуваат на раѓањето на едно бебе.

Метју, пензиониран даночен службеник, се повикува на четири од многуте забележителни пророштва кои се исполниле со Исусовото раѓање. Во едно од нив, Метју се повикува на пророкот Михеј, кој громогласно ги обвинил лажните владетели од негово време. Срцето на Михеј било скршено, бидејќи бил свесен дека на неговиот народ му недостига вистински водечки авторитет. Како и да е, Михеј видел светла иднина кога Бог му покажал дека еден ден Владетел ќе биде роден. Тој дури прецизно ја одедил положбата на точното место на раѓање на Владетелот кој доаѓа.

> *„А ти, Витлееему Ефратов, најмалиот меѓу Јудините кнезови, од тебе ќе ми излезе Оној Кој ќе владее со Израел. Неговото потекло е од дамнини, од вечните времиња.”* (Михеј 5:2).

Бог посочил дека потребниот Владетел во Израел ќе бил роден во Витлеем Ефратов.Како што прорекол Михеј, Исус бил роден, не во родниот град на Своето семејство – Назарет, туку во Витлеем Ефратов; роден таму поради одлуката на римскиот Император. Тогаш бил период на попис и Неговите родители покорно се придржувале кон императорската наредба. Во соргласност со неа, тие го напуштиле домот упатувајќи се кон Витлеем. Сигурно никој не би го барал Владетелот во малиот Витлеем, кој бил само еден од многуте Јудејски градови. Шансите за Неговото раѓање таму се неверојатни. Сепак се случило точно како што предвидел Михеј. А

ова е само едно пророштво, од буквално стотиците такви зачудувачки пророштва, за животот на Исус.

Читаме дека Бог изјавил:

> *„Оној Сум, Кој од почетокот го открива свршетокот и јавува однапред за она што уште не се збиднало! Јас велам: 'Мојата одлука ќе се исполни, ќе извршам сè што Ми е по волја'"* (Исаија 46:10).

> *„Минатите настани ги навестив одамна, излегоа од Мојата уста, и Јас ги објавив; Направив брзо, и се збидна...*
> *Затоа веќе тогаш ти навестив, ти јавив пред да се збидне..."* (Исаија 48:3,5).

Историјата докажа дека овие пророштва, дадени од Бога и забележани во Библијата, се со 100% потврдена точност.

### *Моќното влијание на Библијата*

Втор силен доказ дека Библијата е Зборот Божји е влијанието што таа го извршила. Пораката на Библијата ја издигнувала човечката раса, социјално, културно и индивидуално, секогаш и секаде каде била предмет на учење и верување.

Токму пред првата ревизија на оваа книга да биде дадена во печат, еден пријател го посети нашиот дом. Заедно го прегледавме ракописот. Иако тој не лесно ги искажуваше емоции, сепак му надојдоа солзи кога ја читавме седмата глава. На двапати застанавме за да се поклониме во молитва и да Му оддадеме слава на Бог за чија љубов читавме. Заедно му се заблагодаривме на Бог за Неговото трпение, Неговата милост и за секој доказ за Неговата љубов во нашите недостојни животи. Како што го почувствуваме треперливото, суштинско присуство на самиот Бог, бевме исполнети со радост.

Тој ден беше особено значаен за мојот пријател. Точно една година пред тоа, тој седел сам во луксузен апартман, кој бил вистинска спротивност на скромното престојувалиште каде се сретнавме.

Но во тоа време, убавината која го опкружувала не го исполнувала со радост. Всушност, тој имал таков внатрешен очај, да тој и немал вистинска желба за живот. Во неговата потрага за лична среќа, се оддал на сите животински импулси на неговата машкост. Зависноста од кокаин го чинела цело богатство. Седативи и стимуланси, бренди и виски, сите тие биле дел од неговиот дневен товар. Со години, во Европа и ширум светот, тој се забавувал со најбогатите од богатите,

но таа ноќ тој бил сам. Во сопствената самотија, потиштеноста, побудена од неговите сеќавања, станала подлабока кога тој ја сфатил заканувачката и страшна светска ситуација. Тогаш му изгледало дека сѐ е безизлезно.

Со ужасна одлучност тој ја наполнил неговата двоцевка, ја наместил на слепоочницата и го затегнал чкрапалото. „Само 3 милиметри сум оддалечен од заборав," помислил тој, „потоа мојата болка ќе заврши засекогаш." Во тој дел од секунда (мојот пријател не знае како тоа се случило), се сменил телевизискиот програм. Тој се нашол себеси како ја слуша пораката од Библијата во која била претставена иднината на надеж. Како што се приближувала полноќ, тој сосема сам, паднал на подот пред Бога да го моли за прошка и милост.

Бидејќи Божјата сила од темел го измени мојот пријател, што човекот кој стоеше пред мене скоро да немаше сличност со тој кој накратко го опишав. Пред неговото раѓање, неговите родители се молеле за него; потоа мислеле дека како млад човек ја изучува Библијата, не прифаќајќи ја нејзината порака сериозно. Во неговиот свет на изобилство и привилегии, тој прераснал во бунтовник против Бог и си дал неверојатна морална дозвола.

Седумнаесет години пред таа незаборавна ноќ кога тој најпосле го пронашол Бог, мојот пријател си купил убава книга со кожни корици. Таа имала празни бели страници. Негова намера била да ги прибележува сите значајни настани од неговиот живот, започнувајќи од тој ден. И сепак, во тие седумнаесет години на живот со претерување и расфрлање, ништо не било толку значајно за да заслужи барем еден запис.

Вистината е дека во текот на сите тие години мојот пријател, постојано вртејќи му го грбот на единстведниот Бог, поминал низ едно непознато и незадоволувачко псеудо-духовно патување. Тоа започнало со интересирање за дневниот хороскоп и опседнатоста со рок музиката и рок концертите. Наскоро тој бил вовлечен во окултизмот. Подоцна неговото воодушевување од јогата го одвела до проучување на хиндуистичката филозофија и крајно со вовлекување во источничкиот мистицизам. Ништо што тој искусил и доживеал во текот на тие години не заслужило ниту еден запис во неговиот кафеав кожен бележник. Неговите страници останале бели со болна празнина сѐ до незаборавната ноќ кога тој се соочил со Бог.

Таа ноќ мојот пријател го забележал својот прв запис. Имав можност со радост да го прочитам тоа што тој го напишал. Тоа беше света и духовна изјава на човек во неволја кој бил избавен од Бог кој љуби. Тоа е навистина убаво. Со голема милост, Бог продрел

во неговото духовно слепило и го извадил од очајот и смртта, со светлоста на Неговата постојана вистина и чудесна љубов.

Поради човековата духовна несреденост, како што било слепилото на мојот пријател, Бог се открива Себеси во книгата наречена Библија. Ако ја отфрлиш Библијата, единствениот сигурен духовен водич, ќе се затвориш во заблуда и грешка. Но ако, во твојата потрага по Бога, се свртиш кон Библијата со истражувачки ум, ќе откриеш дека ја содржи сета духовна светлина и насочување кое ти е потребно.

Само преку Божјото Слово можеме да добиеме јасна претстава за Бог таков за каков што Тој се кажува. Во оваа Книга, директно се запознаваме со Вистината, со Зборот Божји, со Светлината на Светот.

Господе Боже, Твојот Збор живее,
И нашите чекори ги води;
Кој во неговата вистина верува,
Светлина и радост добива.

**Пауза за размислување**

1. Дали има други „свети списи“ кои можат да се споредат со Библијата во нивната точност во претскажувањето на идни настани?
2. Дали лично познаваш некого чиј живот бил трансформиран поради тоа што тој ја има прифатено пораката на Библијата?
3. Дали некогаш си го омаловажувал учењето на Библијата, без да ја прочиташ со отворен ум?

***Проблемите на небото и земјата, иако тие требаше да нè соочат меѓусебно и веднаш, не се ништо во споредба со поразителниот проблем за Бог: дека Тој постои; како Тој изгледа; и што ние како морални суштества мора да сториме во врска со него.***

***А. В. Тозер***

ГЛАВА
3

# *Како изгледа Бог?*

Во некој период од животот многу луѓе запрашале: „Како изгледа Бог?" Иако Бог дал одговор на ова прашање, сè уште постојат луѓе кои претпочитаат да се потпрат на нивната имагинација и размислување, отколку да прочитаат што во Библијата Бог има да каже за Себе.

Овие луѓе навистина ја преиначуваат важната Библиска изјава. Бидејќи Бог рекол: *„Да направиме човек според Нашиот лик"* (Битие 1:26), тие луѓе велат: „Да направиме Бог според нашиот лик". „И ја заменија славата на нераспадливиот Бог со слика слична на распадлив човек" (Римјаните 1:23). Секој „бог" кој бил замислен од човек бил целосно немоќен, и некогаш дури смешен.

Без разлика на тоа колку една личност е паметна, таа не може никогаш да го открие Бог со мудроста на светот...светот со својата мудрост не Го позна Бога (1 Коринќаните 1:21). Ако Бог би можел да биде откриен со помош на човековата мудрост, Тој би бил премногу мал за да биде Бог. И не само тоа, туку ако човековата мудрост е неопходна за да се открие Бог, тогаш оние луѓе кои можеби и не се толку паметни ќе заостануваат во нивната потрага по Бога. А случајот не е таков.

Напротив, духовната мудрост е достапна за сите. Таа е на располагање еднакво, како за девојка од некое африканско племе, така и за универзитески професор, бидејќи духовна мудрост не се постигнува преку академски процес. Таа е достапна за сите луѓе кои се доволно скромни и покорни за да ја препознаат својата потреба од Божјата помош при нивната потрага по Него.

> *Но ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја побара од Бога, Кој им дава на сите изобилно и без прекор* (Јаков 1:5). Овој вид на мудрост не е земен, туку Небесен. *Мудрост која не ја разбрал ниту еден од владетелите на денешницата*

> (владетели кои управуваат со системот на овој свет)... *а ние не го примивме духот на овој свет, туку Духот Кој е од Бог, за да ги знаеме нештата што Бог дарум ни ги дал* (1 Коринќаните 2:8,12).

Библијата не е само религиозна теза; таа пред сѐ е запис за тоа како Бог му се открил на човекот. И само Бог може да ти ја даде духовната мудрост која ти е потребна за да разбереш кој е Тој и што Тој сака да стори во твојот живот.

Но ако ти побараш од Него, Тој ќе ти се покаже Себеси преку Неговиот Свет Збор.

При нашите патувања ние наидовме на длабоки духовни интереси и сфаќања во некои необични краишта и меѓу неверојатни луѓе. На пример, еден ден ние сретнавме група на млади африкански момчиња во жбунестите предели на Кенија, кои изгледаа заинтересирани само во тоа да ја споделат својата вера и да научат повеќе околу работите за Бог.

Екваторското сонце брзо зајде преку хоризонтот, носејќи го крајот на еден напорен ден. Како што седнав на карпа покрај правливиот кениски пат да одморам малку, начув движење во грмушките. Се свртив за да видам како слабиот зрак од полната месечина се огледува во големите црни очи на едно африканско момче. Наскоро ова 10-годишно момче клекна покрај мене на карпата; многу брзо станавме добри пријатели. Други момчиња ги слушнале нашите гласови и се чинеше од никаде се појавија за да слушнат за што зборуваме. Голем впечаток ми остави нивното познавање на Библијата.

„Зошто Бог не му дозволил на Мојсеј да го види Неговото лице?" праша мојот мал пријател.

Фасциниран од таквото прашање, одговорив прашувајќи го малиот Џоел дали се сеќава на молитвата на Мојсеј пред Бог да му каже, *„ќе Ме видиш од плеќи, но Моето лице не може да се види"* (Излез 33:23).

Тој не можеше да се сети. „Тогаш дозволи да те потсетам," продолжив, „Мојсеј замолил: *Покажи ми ја Својата Слава*" (Излез 33:18). Со други зборови Мојсеј побарал од Бог да му се покаже таков каков што навистина е. Како и да е, Бог знаел дека ова барање претставувал проблем, бидејќи славата Божја е далеку од тоа што Мојсеј можел да го замисли и разбере. Божјата блескава слава, светост и светлина се толку големи што Бог предупредил: *ниту еден човек не може да Ме види Мене и да остане жив* (Излез 33:20).

Мојсеј не знаел колку само поразителен може да биде погледот на славата Божја. Сепак, бидејќи Бог е Бог кој сака да се открива и сака да го повлече човекот кон Себе, Тој му открил толку многу за Себе на Мојсеј, колку што тој како пророк можел да поднесе. Ако Бог се прикажел Себеси повеќе, Мојсеј би бил потполно уништен од светлоста на Неговото присуство. Иако Бог ја криел големината на Својата слава од Мојсеј, кога Бог поминал покрај местото каде стоел Мојсеј, Тој сепак морал да го заштити Мојсеј во пукнатината на карпата (Излез 33:22).

Живеејќи на екваторот, моите млади пријатели беа свесни дека не можат да се зјапаат во блескавата светлина на пладневното сонце без да ги заштитат очите. Тие исто така знаеја дека ноќните пеперутки ги привлекува светлина во темните ноќи. Ги запрашав што се случува ако ноќните пеперутки премногу се доближат до изворот на светлина, тие едногласно ми одговорија: „Тие умираат". Момчињата очигледно беа свесни на опасностите од прекумерно изложување на светлина.

Се обидов да смислам друга илустрација која можеби ќе им помогне да го разберат одговорот на нивното прашање. Сите од моите млади пријатели знаеа за пелените и повоите на бебињата, на нивните мали братчиња и сестричиња, кои ги прекриваат и штитат во близина на мајчините срца полни со љубов и нежна грижа. Јас им кажав за повојната обвивка која Бог ја завиткал околу земјата. (Јов 38:9)

(Научниците ја викаат озонска обвивка. Овој нежен прекривач од алотропски кислород ги задржува штетните ултравиолетови зраци на сонцето. Без сонцето, секако не би имало живот на земјата, но Божјата нежна грижа нè заштитила од прекумерните дози на сончева енергија и нејзините канцерогени ефекти.)

Моите мали пријатели се чинеше дека се посебно заинтересирани за Божјата повојна обвивка како што јас се обидував со едноставни зборови да им објаснам дека таа нè штити сите нас од страшни изгореници. Не знам дали разбраа сè што им кажав, но нивните мали срца нежно одговорија на љубовта и славата Божја и поминавме скапоцено време во заеднички молитви. Очигледно тие знаеја, на свој личен начин, дека и тие ја уживаат истата заштита која му била дадена на Мојсеј во неговата потрага по Бога.

За да ни даде потполно разбирање за тоа каков е Тој, Бог ни ги кажал Своите имиња.

Во Библијата, имињата секогаш се подразбираат како важни, бидејќи нивната улога е да прикажат одредени аспекти на личноста која го носи. Секое име, кое е користено со цел за да се однесува на

Бог, има посебно значење и открива единствено гледиште на Неговата божествена Личност.

Во Стариот Завет постојат три примарни имиња користени за Бог: Јахве, Елохим и Адонај. Секое има посебно значење. Елохим е првото користено име, и е споменато преку две илјади пати. Иако името Јахве е најважно, очигледно постои исто така важност и значење на Неговото име Елохим, штом Бог не сакал да го испуштиме. Што би било тоа?

Во македонскиот јазик, зборуваме во множина ако сакаме да зборуваме за повеќе од едно нешто. И користиме еднина, ако се однесува само на едно нешто. Но еврејскиот јазик може да биде уште попрецизен, така што користи и двоен број кога се однесува на две, и множина кога се однесува на повеќе од две единки. Разликата помеѓу двојноста и множината (помеѓу „две" и „три или повеќе") е многу значајна во првото име во Библијата кое е користено за Бог. „Елохим" е во множина.

Сепак, во друга јасна изјава за Бог, Библијата исто така кажува: ***Господ е наш Бог, Господ е Еден!*** (Второзаконие 6:4). Така во најпрвиот стих на Библијата, кој е откровение на Бог за Себеси на човекот, се запознаваме со концептот на Бог: три-во-едно и едно-во-три. „Во почетокот Бог (Елохим) ги создаде небото и земјата" (Битие 1:1). Ова троединство понекогаш се нарекува Тројство.

По оваа прва употреба на Божјото троединство, читаме уште неколку реченици и доаѓаме до записот како Бог го создал човекот. Тука концептот на Божјото троединство е засилен на многу јасен начин. Тогаш Бог рекол:

***„Да направиме човек според Нашиот лик, според Нашата сличност..."*** (Битие 1:26). Никој не може да погреши дека обата збора: и „Нашиот" и „Нашата" се множина во македонскиот јазик. Но веднаш следната реченица вели:

***„...машко и женско ги создаде Тој"*** (Битие 1:27). Повторно јасно е дека „Тој" е една личност. Па читаме „едно" или „повеќе од едно", но секое од нив се однесува на Бог, веќе претставен како Елохим.

Бог како ваков е далеку од можностите на светската мудрост да се сфати и разбере. Тоа е причината зошто Бог го дарил Духот Кој е од Бога, за да ги знаеме нештата што Бог дарум ни ги дал (1 Коринќаните 2:12). Започнувајќи со овие први споменувања за тоа каков е Бог, Тој постепено го разоткрива Своето таинствено троединство и вечна слава. Разбирањето на аспектот на Бог три-во-едно и едно-во-три, подоцна ќе ти помогне да ја почитуваш

широчината и длабочината и височината на Божјата љубов кон тебе.

Да, за да ни помогне да сфатиме дел од големината на Неговата љубов, Бог постепено се разоткрива Себеси низ остатокот од Библијата. Тука се запознаваме со Бог Таткото, Бог Синот и Бог Светиот Дух. Сепак тој се прикажува како единствен, и засекогаш, еден Бог. Нашите човечки умови можат да сфатат само мал дел од таков концепт. Бидејќи било невозможно за човекот да го достигне и открие вистинскиот и постоечки Бог, Тој Самиот превзел иницијатива и му е претставил Себеси на човекот.

Целосното откровение на Божјата слава и светост биле скриени од очите на Мојсеј. Како и да е, во личноста на Бог Синот, Елохим открил од Себеси онолку колку што човекот можел да поднесе.

Така во Новиот Завет може да прочитаме:

> *Бог, Кој рече, светлина да светне од темнината, Тој засвети во нашите срца, за да ги осветли со познавањето на Божјата слава пред Христовото лице.* (2 Коринќаните 4:6)

Само помисли: Кога Јован го здогледал лицето на Исус Христос, тој изјавил: *Ја видовме Неговата слава, славата што ја има како единствен од Таткото...* (Јован 1:14).

Подоцна Јован пишува за неговота лична средба со Бог, и само затоа што тој го сретнал Елохим во личноста на Исус, тој живеел за да ја раскажува таа приказна! Сепак, тој се изјаснил дека неговото соочување било всушност со Бог на Вечноста, Бог на Создавањето на светот, Бог на Мојсеј.

Оваа впечатлива средба била, видлива, опиплива и можела да се чуе.

> *Она што беше од почетокот, што го чувме* (средба што се слушна)*, што го видовме со своите очи* (неговата видлива средба) *...и што го опипаа нашите раце* (неговата опиплива средба) (Јован 1:1).

Записот на Јован не е една безлична теололгија; Тоа е лично сведоштво на неговото соочување со живиот Бог.

„Како сето тоа ми помага мене денес?" можеби ќе прашаш. Јован е брз во одговорот на тоа прашање. „Ние ви го пишуваме ова, за да биде вашата радост целосна" (1 Јован 1:4). И, така, оваа книга, која сега ја читаш, е во твоите раце бидејќи некој пријател тежнеел и ти да можеш да имаш целосна радост кога ќе се сретнеш со Живиот Бог.

Јован објаснува:

*Она шшо го видовме и чувме, шоа ши го навесшуваме и вам, ша и вие да имаше ойшшење со нас: а нашешо ойшшење е со Ташкошо и со Неговиош Син Исус Христос. Ние ви го йишуваме ова, за да биде вашаша радосш целосна.* (1 Јован 1:3,4).

Да, како што светлината е привлечна во темна ноќ, така и Светлината на Божјата Слава сѐ уште ги привлекува луѓето кон Него. Денес во твојата желба да дознаш каков е Бог, може исто така да се молиш како Мојсеј: „Покажи ми ја Твојата Слава."

**Пауза за размислување**

1. Во твојата потрага по Бог, дали внимателно си ја прочитал Библијата?
2. Дали ќе побараш од Бог да ти се објави додека ја читаш Библијата?
   Предложена молитва: „Боже ако си Ти Богот кој го создал универзумот и кој ме сака, Те молам откри ми се и покажи ми дали Исус Христос е Твојот Син, ветениот Месија!“
3. Дали сфаќаш дека ако треба вистински да Го славиш Бог, Тој мора да е:
   Поголем од твоите можности да Го откриеш со човечки истражувања, поголем од твоите можности целосно да Го разбереш со својот човечки ум?

***Мислам дека донекаде ја разбирам човековата природа, и ви велам дека сите антички херои биле луѓе, и јас сум човек; но ниту еден не е како него: Исус Христос бил повеќе од човек.***

***Наполеон***

ГЛАВА
4

# Што навистина ги разделува луѓето?

Светот на денешницата е опишан како глобално село. Сепак, бидејќи е населен со непријателски расположени соседи, ова глобално село стана место за живеење со зголемена опасност.

Површински, се чини дека проблемите кои го двојат човештвото покриваат широк опсег на политички, економски, семејни и дури индустриски проблеми. Иако овие подрачја на проблеми предизвикуваат луѓето да бидат сè повеќе и обесхрабрувачки разделени, постои дури поголема, но помалку препознатлива, причина за отуѓувањето кое постои во нашиот свет.

Прво, накратко да ги разгледаме очигледните причинители за поделбата меѓу луѓето, и потоа да се концентрираме на главниот причинител.

### *Очигледни поделби*

**Политички:** Политичарите се соочуваат едни со други со страв и недоверба. Соочувајќи се со непомирливите гледишта, тие се надеваат дека војската би можела да им ја гарантира идната безбедност на нивниот народ.

Во меѓувреме, загрижените граѓани ги подигаат гласовите за наклонетост кон мир и нуклеарно разоружување. Иронично, ние кои сме ги виделе некои од тие „мировни" демонстрации на телевизија, сведоци сме дека, во нивното водство, учесниците понекогаш прикажуваат таква страст од каква што и војните се прават.

**Економски:** Природните непогоди како што се сушата, гладот и земјотресите се секогаш растечки проблеми, особено во Третиот Свет. Овие непогоди се додаток на болката предизвикана од големите економски разлики помеѓу богатите и сиромашните народи. И покрај добрата волја и пожртвуваноста на многу луѓе кои се обидуваат да помогнат, жално е да се забележи дека сè почесто богатите стануваат побогати и сиромашните посиромашни.

**Семејни:** Не е тајна дека денес растурањето на браковите и на семејниот живот достигнува епидемиски размери. Со солзи во неговите очи, Летсоле рече: „Мојата куќа е скршена". Помислив дека неговата изјава се однесува на неговата африканска колиба која се скршила, но наскоро сфатив дека неговиот израз за скршеност бил начин да ми каже дека неговата жена го напуштила. Денес, премногу „куќи" се „скршени", како што себичните начини на живеење ги уништуваат љубовните врски. (Сепак, како што ќе видиме во една од понатамошните глави, љубовта Божја им е на располагање на сите парови кои сакаат да го зацврстат својот брак во трајна заедница.)

**Индустриски:** На работното место се навикнуваме да слушаме за незадоволство и напнатост. Од порано, во 1985, најгорчливата индустриска расправа на дваесетиот век беше завршена во Британија. Иако штрајкот и насилничките улични судири завршија, заостанатата лутина и огорченоста продолжија да бидат отворена рана во односите на работната сила и менаџментот и во индустриската заедница воопшто. Колку различна според исходот беше оваа ситуација од затегнатоста на односите на работната сила и менаџментот, во рудниците за јаглен во Велс, скротени по слични немири во 1904 година. Џон Пери ми ја раскажа приказната од прва рака.

Кога за првпат го сретнав Џон, тој беше 91-годишен старец, рудар во пензија, потполно слеп и страдаше од хроничен белодробен проблем наречен рударска болест. Секогаш кога бевме во можност, јас и мојата сопруга ја посетувавме неговата скромна рударска куќа во Северен Велс. Со срдечна насмевка и треперлива радост, Џон со уживање ни прераскажуваше што било сторено во Велс со помош на Божјото убедување и моќ во текот на пробудување во 1904 и 1905 год. Во тоа време и обете страни, и рударите и нивните работодавачи, се запознале со живиот Бог. Како непосреден резултат на тоа тие пронашле вистинско заедништво, меѓусебна доверба и почит. Каква разлика помеѓу 1905 и 1985 год.

Џон говореше со неизмерна радост кога размислуваше на тие денови. Се потсетуваше дека успехот на „крчмите" пропаднал бидејќи наеднаш немало веќе потреба за алкохол. Тој исто така се потсетуваше на спуштањето во рударските окна со неговите колеги рудари величејќи го Бог со песна едногласно. Пријатно се смееше размислувајќи за тоа дека: „Луѓето сè уште доаѓаат да ме видат и ме прашуваат каде е пробудувањето." Силно удирајќи се по градите тој ќе одговореше: „Им велам дека е тука внатре и токму сега!"

### *Вистинската поделба*

Како што претходните поделби можат да бидат длабоки, постои нешто што уште повеќе го раслојува човештвото на многу заплеткан и постојан начин. Тоа е опасност која сега се заканува да го уништи спокојството на многу земји. Гледаш, луѓето се крајно поларизирани според нивните побркани сфаќања за Бог!

Во Неговото откривање на човештвото, Бог никогаш не се нагодувал околу вистината за Неговото божествено Битие. Пред раѓањето на Исус Христос, Бог ветил дека Тој ќе испрати голема светлина за да им помогне на луѓето да Го спознаат Него таков каков што Тој навистина е. Тој рекол: *Народ кој одеше во темнина, виде голема светлина* (Исаија 9:2). Бог исто така дал детали за тоа како тоа светло би се препознало: *Зашто ни се роди Дете, …Син ни се даде* (Исаија 9:6).

Сигурно, тука не би било ништо особено значајно околу таа изјава што Бог рекол дека дете ќе се роди. Најпосле, деца отсекогаш се раѓаат! Навистина, би било незначајно да се забележи дека треба да се роди дете, ако тој податок не е поврзан со ветувањето дека Син ќе биде даден. И сега тоа што било пророштво е минато, тоа што Бог рекол дека ќе се случи се случи. На земјата се роди дете; Син од Небесата се даде. Преку раѓањето на детето кое било дарување на Син, Бог испратил светлина до луѓето кои лутале во мракот. Дури до денешен ден таа Светлина сè уште ги растерува темнината и сомнежот, кои го кријат Бог од нашите очи.

За да се распознае раѓањето на Божјиот единороден Син, и да го оддели Него од другите деца, Бог ветил дека раѓањето на Неговиот Син ќе биде потврдено со чудесен „знак”. *Еве, девица ќе зачне и ќе роди син, и ќе му даде име Емануел!* (Исаија 7:14).

Колку прекрасно е што Неговото име Емануел значи „Бог е со нас”. И преку тоа што е соопштено со Неговото име, можеме да започнеме да прифаќаме дека како радосна вест, според забележаното во Библијата, се разликува од учењата на сите други религии. Со оглед на тоа што лажните религии се обидуваат да покажат како човекот достигнал до Бог, Библијата е Божјиот запис за тоа како Тој се спуштил за да се допре до човекот.

Како штe е забележано во Библијата, кога Бог ја утврдил Неговата позиција на земјата, девица забременила. И тој ден кога Создателот на универзумот благоволно станат дел од времето и просторот сега е историски материјал: *Божји ангел му се јави насон и му рече: „Јосифе, сине Давидов, не плаши се да ја земеш Марија твојата*

*жена, зашто зачнатото во неа е од Светиот Дух”* (Матеј 1:20). И подоцна, откако Исус бил роден и израснал во маж, Тој и понатака го потврдувал божественото во Него во присуство на непријателски расположените скептици велејќи: *„Јас и Мојот Татко сме едно”* (Јован 10:30).

Астронаутот Џим Ирвин од Аполо 15 запишал: „Чекорењето Божјо по земјата е многу позначајно отколку човековото чекорење по месечината.” Секако, ниту еден човеков подвиг остварен во вселената не може да се спореди со чудесноста на мигот кога Бог исчекорил од вечноста во времето.

По пророштвото дека дете ќе биде родено и Син ќе биде даден, следи подетално пророчко „резиме” за оваа единствена Личност: *„Името ќе Му биде: Чудесен Советник, Силен Бог, Вечен Татко, Кнез на Мирот. Неговата власт ќе се шири надалеку и не ќе има крај на мирот”* (Исаија 9:6,7). Сигурно, таков застрашувачки спој на моќ и одлучност е пожелен за некој да стане успешен светски владетел. Дури и во денешниот свет, ние трагаме по водачи кои не само што ќе поседуваат знаење за да ја направат вистинската работа, но и да имаат моќ за тоа да го спроведат. Некои водачи можеби знаат што треба да се стори, но ниту еден од нив никогаш немал моќ и мудрост да произведе непрекинлив мир.

Кнезот на Мирот има и знаење и моќ, за да донесе вечен мир на овој свет. Еден ден Исус ќе се врати за да владее со земјата. Кога ќе осамне тој ден, секоја фабрика за оружје ќе биде затворена; секоја неексплодирана нуклеарна бомба ќе биде деактивирана, и секој граничар и војник ќе биде пратен дома засекогаш!

Човекот веќе покажа колку е безнадежно несоодветен за да владее со човековата раса. Мирот и правдата за сите мора да го чекаат мигот кога Кнезот на Мирот ќе владее со скиптарот на сеопштото царство! Тогаш луѓето ќе ги прековаат нивнивте мечови во плугови, и нивните копја во српови. Нема повеќе народ да дига меч против народ, ниту ќе се учи веќе на војување (Исаија 2:4). На тој ден со мир исполнет: *земјата ќе се наполни со знаењето на Божјата слава, како што водите го покриваат морето* (Хабакук 2:14). Нема ниту еден друг крај кој ќе му биде угоден на Бог на вечноста.

Но пред да дојде тој ден на сеопшт мир под водство на Господ Исус, длабоката и вистинска поделба помеѓу луѓето ќе може јасно да се воочи. И судирот кој доаѓа ќе биде сосредочен на личноста на Исус Христос. Затоа е многу значајно да бидеш сигурни кој е Тој, зошто Тој дошол, и што Тој сторил за тебе кога Тој бил тука.

Книгата на Битието и Евангелието според Јован започнуваат на

сличен начин. Во книгата на Битието читаме: *Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата* (Битие 1:1). Во Евангелието на Јован читаме: *Во почетокот беше Словото... и Словото беше Бог... Сè стана преку Него* (Јован 1:1,3). Бог, кој е наречен Елохим во Битието, во Евангелието според Јован се однесува на Словото. Елохим е Словото, и Тој се облекол Себеси со тело за да зачекори во Неговото сопствено создание. Словото станало тело и престојувало меѓу нас. Во неговиот целосен текст оваа застрашувачка изјава објаснува:

> *Во почетокот беше Словото, и Словото беше со Бог, и Словото беше Бог. Тоа беше во почетокот со Бог. Сè стана преку Него; и без Него не стана ништо од она што настана... Тој беше во светот, и светот стана преку Него, но светот не Го позна. Дојде кај Своите, но Своите не Го примија. А на сите што Го примија, им даде власт да станат Божји деца, на оние кои веруваат во Неговото име...И Словото стана тело, кое се всели меѓу нас и ја видовме Неговата слава, славата што ја има како единствен од Таткото, полн со благодет и вистина...* (Јован 1:1-3,10-12,14).

Како и Мојсеј пред многу векови порано и како луѓето од сите времиња, Ученикот Филип исто така посакувал да дознае како изгледа Бог.

Филип направил посебно барање до Исус велејќи: *Господи, покажи ни Го Таткото* (Јован 14:8). Прилично неочекувано, Исус му одговорил: *Кој Ме видел Мене, Го видел и Таткото* (Јован 14:9). Така зачудувачки одговор би направил Исус да изгледа како малоумник или измамник, освен ако навистина Тој не бил вистинскиот Бог. Никој сериозно не би го обвинил за ниту една од првите две претпоставки. Ако Тој не бил Бог, Тој би бил најголемиот измамник што светот воопшто го познавал. Затоа мора да прифатиме дека гледајќи го Исус, го гледаме Бог.

Тоа е од оваа точка – изјавата за тоа кој е Исус – фактот дека луѓето започнале да се делат. Од една страна, не е ни чудно што Исус рекол: *Јас и Мојот Татко сме едно* (Јован 10:30), и некои во Него го наоѓаат одговорот на нивната потрага по Бог. Сепак, преостанатите, кои не можеле да ја сфатат можноста за Бог и Неговата понизност на таков начин, реагирале непријателски. Исус привлекол дел од луѓето, а дел од нив ги одалечил од Себе; иако постоеле некои кои го следеле, постоеле и други кои ја подготвувале заверата за Неговата смрт.

Дури и за време на Неговиот живот, Исус ги делел луѓето. Тој јасно изјавил:

*Кој не е со Мене, шој е прошив Мене* (Матеј 12:30).

**Сепак, првичната спротиставеност не треба да е траен одговор.**

Да го разгледаме случајот на еден човек кој од непријател на Исус се изменил и станал Негов ученик. Во прво време Савле, Еврејски рабин, ги мразел следбениците Исусови толку многу што ги прогонувал и дури ја одобрувал и на нивната смрт. Но, откако бил обратен, тој ги потрошил своите преостанати години во славење на Исус како негов Господ и Учител. На крајот, тој со радост страдал во голема беда поради преданоста на Христос. Што ја направило таа разлика?

Кога Савле патувал за Дамаск, видел „голема светлина”. Таа светлина била токлу сјајна, што тој привремено ослепел. Савле интуитивно знаел дека сепак бил во присуство на Бог.

Користејќи го Грчкиот збор за Јахве, тој запрашал: *Кој си Ти Госиоде?* Бог одговорил: *Јас Сум Исус, Кого ши Го ирогонуваш!* (Дела 9:5). Тој ден Савле научил дека Јахве и Исус се едно.

Откровението го променило Савле од непријател на Исус во Павле Апостолот. Од тој ден понатаму, тој целосно го посветил својот живот на Господ Исус Христос. Иако многу страдал поради својата вера, тој го поминал остатокот од својот живот ширејќи ја Радосната Вест дека Бог ја посетил Земјата. Вистината за Исус Христос во животот на Павле го претворил во најголемиот мисионер на сите времиња. Неговите писма се полни со убедувања дека – сè е создадено преку Него и за Него, Господ Исус Христос (Колошаните 1:16).

Како што видовме, Библијата изјавува дека Исус од Назарет бил Бог Синот, не само син на Бог како кај Мормоните, Јеховините сведоци и многу други верувања. Ниту пак Тој бил само пророк Божји како што подучува Исламот. Во обидот на ваквите групи да вклучат погрешни учења, многумина избираат игнорирање на откривањето кое Бог ни Го дал од Себе. Ова е познато како „синкретизам”, во вебстеровиот речник дефинирано како „обид да се комбинираат различни учења”.

Индусите, на пример, го прифаќаат Исус просто со Негово додавање на полицата напоредно со сите други нивни „богови”. Добро би сториле ако се потсетиме дека кога Богот на Илија, вистинскиот постоечки Бог, се соочил со паганските идоли на Ваал, Тој ги турнал нив пред Него, право на нивните лица. На ист начин

секој бог, создаден и замислен од страна на човекот, мора да падне пред Господ Исус Христос, бидејќи Тој е Бог Синот, во вечно единство со Таткото и со Светиот Дух.

Кога еднаш ќе сфатиме дека Исус Христос е Бог, не треба да имаме потешкотии во верувањето во Неговото раѓање од девица, многуте Негови чуда, Неговата смрт и воскреснување, Неговото вознесување на Небото, и Неговото скорешно враќање на земјата во моќ и слава. Бидејќи Исус Христос е „Самиот Бог”, Создателот на универзумот со сите негови закони и поредок кој го поддржува животот, Тој го надминува секој закон кој Тој Самиот го создал за Негови лични намери за љубов и спасение.

Светот е поделен околу личноста на Исус од Назарет. Одделни групи кои се отуѓуваат една од друга не се состојат од оние кои имаат и оние кои немаат, ниту политички силните и политички слабите, дури ниту народите со различни идеологии. Вистинската поделба која постои, е предизвикана кога Бог ја посети земјата, и е далеку подлабока отколку сите други спорни прашања кои го делат човештвото.

Оваа изјава не е прекумерно драматизирање на фактите, бидејќи Господ Исус Самиот рекол:

> *Ако Бог беше ваш Татко, ќе Ме љубевте Мене; зашто Јас излегов и дојдов од Бог, и не дојдов Сам од Себе, туку Тој Ме прати. Зошто не сфаќате што ви велам? Затоа што не можете да го слушате Моето слово. Вие потекнувате од вашиот татко – ѓаволот, и сакате да ги исполнувате желбите на вашиот татко. Тој беше човекоубиец од почетокот и не остана при вистината, зашто во него нема вистина. Кога зборува лага, зборува од своето, зашто е лажливец и татко на лагата* (Јован 8:42-44).

Дали изненадува сознанието дека исто како што постои семејство на верници, чиј Татко е Бог, на истиот начин, постои и семејство на неверници чиј татко е Ѓаволот? Не е секој дете Божјо. Да се биде во Божјото семејство или во семејството на Сатаната, тоа се вечните алтернативи за тебе и за мене.

И покрај тоа колку искрено може да биде твоето верување во Бог, ти сепак можеш „искрено” да грешиш. Лага е да се каже дека не е важно тоа во што човекот верува, доколку тој е чесен. На тој начин, можеш да јадеш отров додека искрено веруваш дека тој е лековит, но сепак ќе умреш!

Вистински, човечката раса е поделена во две семејства. Секоја личност припаѓа на едното или другото од овие две семејства: Семејството на Бог и семејството на Ѓаволот. Многу е значајно да знаеш во кое семејство припаѓаш. И прв чекор во станувањето член на Божјото семејство е да разбереш кој е Бог и што Тој направил давајќи ни Го Неговиот Син, Исус.

Името „Исус” значи „Јахве е спасение”. Така ангелот му кажал на Јосиф: *...ти ќе Му го дадеш името Исус, зашто Тој ќе го спаси Својот народ од неговите гревови* (Матеј 1:21).

**Пауза за размислување**

1. Сè додека си искресен, дали навистина е важно што веруваш за Бог?
2. Која е крајната причина за раздвојувањета меѓу луѓето? Дали тоа е политиката, економијата? Или таа е духовна и вечна?
3. На кое семејство опишано од Господ Исус му припаѓаш?

***Во длабоката свест (свесност) за моралното зло, можеби повеќе отколку во било што друго, се наоѓа на знаењето за Бог кое спасува.***

***Др. Арнолд***
***(Директор: Јавно Рагби Училиште)***

ГЛАВА

5

# Што е вистинскиот проблем?

На почетокот на дваесетиот век многу луѓе беа прилично оптимистички расположени во врска со иднината на овој свет. Тие веруваа дека светот влегува во златното доба на мир и просперитет. Многумина мислеле дека благословот на таа нова ера ќе се почувствува во секоја земја, дури и во земјите каде очајот, болеста и крајната сиромаштија наметнуваа неописливо страдање. Но во 1914 сирените на војната се огласија ширум Европа.

И денес, и покрај неверојатните научни пробиви чии сведоци бевме во 20-тиот век, луѓето се чини веќе не зборуваат за светла иднина. Напротив, милиони се загрижени поради способноста на арсеналот на нуклеарно оружје за уништување на светот. Сложеноста на проблемите, како националните така и меѓунационалните, предизвикува многуте внимателни набљудувачи да дојдат до заклучок дека живееме во најкритичните и потенцијално најопасни години од човековата историја. Веќе ја констатиравме поларизираноста на луѓето во денешниот свет. И најтенките нишки на цивилизирано општество се нападнати. Што тргнало во погрешен правец?

Во обид да дадат одговор на ова прашање, истакнати светски водачи се состануваат и разговараат. Додека тие ги изложуваат спорните прашања и ги сослушуваат сопствените теории и предлози меѓу себе, светот се движи од една кон друга криза. Без оглед на износот на парични средства и вложена енергија, се чини дека никој не е во можност да го промени правецот во кој светот се движи. Одлични државници и политичари, брилијантни научници и асистенти, оштроумни бизнисмени и светски банкари, ценети доктори и социолози, сите придонесуваат со нивните поединечни стручни достигнувања. Сѐ уште одговорот не е најден.

И од овие учени луѓе, ретко, ако воопшто постои, е дадена напомена за тоа што Бог изјавува дека е вистинскиот проблем на човекот – основниот проблем кој мора да се утврди пред да може да се најде решение. Само Бог може да нѐ освести во врска со нашиот вистински

проблем. И од ова гледиште ние често ја препознаваме разликата помеѓу оние кои навистина се во потрага по Бога и оние кои се само религиозно љубопитни.

И Бог рече: *Да направиме човек според Нашиот лик* (Битие 1:26). Може да запрашате: „На кој начин човекот бил направен според ликот на Бога?". Секако не по физичка сличност, бидејќи Господ Исус рекол: *Бог е Дух* (Јован 4:24). Бог нема раце и нозе и очи како ние што имаме. Бог живее во непристапна светлина; *Кого никој од луѓето ниту Го видел ниту може да Го види* (1 Тимотеј 6:16). Никогаш не постоел невидлив човек. Според тоа мора да има нешто повредно во врска со луѓето од телата во кои тие живеат! И вистинската личност продолжува да живее и кога телото се предава. Тоа е таа „личност" создадена според ликот на Бог.

Библијата открива дека Бог има ум, емоции и волја. И во тие три области човекот е создаден според ликот на Бог. Бидејќи Тој е Бог, сепак, Неговиот интелект, емоции и волја се бесконечни; со други зборови, безгранични. Таква е и неговата природа. Спротивно на тоа, сепак, човекот е конечен. Дури и блескавиот Ајнштајн имал конечен ум. Ниту еден човек не може сè да знае, ниту еден човек не може да љуби безгранично, и секако човековата волја не е независна во универзумот. Човекот не е господар на сопствената судбина, ниту е капетан на своето судбинско животно патување.

Човековата личност, од друга страна, има духовна способност за да може да го спознае Бог и да има другарски однос со Него. Затоа во Библијата разјаснува дека човекот е дух, душа и тело. (1 Солунците 5:23).

Преку духот, човекот има од Бога даден потенцијал за да биде силно поврзан со својот Создател. Преку своето тело, човековата личност (или душа т.е. неговата способност да мисли, избира и љуби) е поврзана со материјалниот свет.

Доколку забележавме дека Библискиот запис на приоритети на прво место го става духот, на второ душата и на трето телото, тогаш сè е во ред!

Но нешто тргнало наопаку. Како резултат, за многу луѓе, редоследот е обратен: телото станува приоритет број еден; душата приоритет број два; и духот број три. За жал во денешниот свет, кај многу луѓе физичките, материјалните и телесните интереси преовладуваат во нивното размислување, нивните одлуки и нивните интереси, додека нивните духовни способности се скриени и усмртени. Така, наместо на Бог да Му биде дозволено да воспостави духовен живот и надзор на самата личност која Тој ја создал, Тој е потчинет, дури и отфрлен, до ниво на кое нема комуникација помеѓу овие изгубени луѓе и нивниот Создател.

Личноста на која Бог ѝ е далечен или нереален всушност е мртва духовно. Од друга страна пак, личноста која ужива пријателски однос со Бог е вистински и целосно жива.

> *Но Бог, Кој е богат со милост, поради Својата голема љубов со која нè засака, нè оживеа заедно со Христос и нас, кои иако бевме мртви поради нашите гревови* (Ефешаните 2:4,5).

Сите проблеми на овој свет започнуваат со човековата волја. Бог не ги создал луѓето за да бидат како кукли, кои не можат да се движат без волја на друг. Со влечење на конците, кукларот управува со секое движење кое куклата го прави. Бог, напротив, ни дал слободна волја во однесувањето додека ги правиме нашите избори. Но со дарот на таа волја, ние исто така сме морално одговорни за одлуките кои ги донесуваме. (Тешко дека ова ќе го чуете од многу психијатри кои ја отфрлаат Библиската вистина.)

Трагедија од прв ред, кај човечката раса, се случила по создавањето на човекот. Помеѓу дрвата во Едемската градина имаше две посебни. Едното беше наречено дрвото на животот; а другото, дрвото за познавање на доброто и злото (Битие 2:9). Бог им рекол на Адам и Ева дека смеат да јадат од сите дрва освен од Дрвото за Познавање на Доброто и Злото. Давајќи им го овој избор, избор помеѓу послушност и непослушност, Бог јасно укажува дека Тој го создал човекот – човекот и жената – со слободна волја. Од нив зависело дали тие сакаат да го послушаат Бог или не. Тоа била нивна сопствена, лична одлука.

За жал, Адам и Ева се побуниле против најдоброто што Бог го направил достапно за човечкиот род. Бог однапред знаел дека нивната одлука да бидат непослушни ќе Му донесе неописливо страдање, како и болка на целото човештво. Но, во Неговата љубов за Неговата творба и знаејќи ја славата што подоцна ќе им биде достапна на оние кои ќе го направат правилниот избор, Бог на секоја личност ѝ дал слобода да избира.

Сатаната, лажливецот, го искористил своето убедувачко влијание да ги искушува Адам и Ева да направат погрешен избор. Блескаво ги претставил забранетите овоштија препорачувајќи им на Адам и Ева дека ако ги изедат ќе станат како Бог. (Сатаната сè уште сугерира дека човекот може да си биде сам свој Бог. Но исто како што Бог е Бог и никогаш не може да биде помалку од Бог, така и човекот е човек и никогаш не може да биде повеќе од човек). Сепак, Сатаната ги завел Адам и Ева во кршење на нивната волја против волјата на Бог. Како резултат на тоа, секоја нова генерација на луѓе е отсечена од значајните за живот, личен и близок пријателски односи со

Создателот, бидејќи сите се потомци на Адам.

И, *како шшто гревош влезе во свешош преку еден човек, а преку гревош – смршта, шака смршта премина на сите луѓе, бидејќи сите згрешија* (Римјаните 5:12).

Секој гроб, секоја болница, секоја армија и секој затвор, кои светот ги познавал, се резултат на човековиот погрешен избор на почетокот од создавањето. Ова смртоносно зло кај човековата раса, која ја нарекуваме грев, е вродена болест која влијае врз целото човештво. Не само што гревот ги прекинал пријателските односи на човекот со Бог, туку исто така ги оттуѓил и луѓето како меѓусебни пријатели.

Но, ти и јас не сме само грешници по раѓање; ние сме грешници и според делата кои ги чиниме.

Што се однесува на нашето раѓање, Псалмистот зборува за сите нас кога вели: *Еве, грешен сум веќе роден, во грев ме зачна мојата мајка* (Псалм 51:5). Таквата наследна состојба во однос на гревот не обезбедува оправдување за грешните дела кои сите ние сме ги сториле. Библијата исто така изјавува дека ние сме – деца на непокорноста ...извршувајќи ги желбите на телото и на умот, и бевме по природа чеда на гневот како и останатите (Ефешаните 2:2,3).

Да, ние сме виновни пред Бог поради нашата сопствена непокорност. Никој друг не може да биде обвинет – ниту сопругата, ниту пријателот, ниту родителот. Дури ни нашето потекло и опкружувањето во кое живееме не може да бидат виновни. Ти сие одговорен за сопствениот грев, дури и јас сум одговорен за мојот грев.

Вистинската причина што сме сведоци на толку многу непријателство и поделба помеѓу луѓето е што гревот е заеднички именител за сите нас. Гревот ги поврзува неверниците со верниците, и Арапите со Евреите. Гревот ги поврзува луѓето од третиот свет со индустрискиот свет. Гревот ги поврзува комунистите со капиталистите, полицајците со криминалците, феминиските со шовинистите. Без разлика дали станува збор за луѓе кои се проституираат или се проповедници, дали живеат во висок раскош или длабока сиромаштија, дали се образовани или неписмени ...сите згрешија и лишени се од Божјата слава (Римјаните 3:23). И гревот е основна причина за сите затегнати односи кои постојат меѓу луѓето.

Но Исус е надеж за грешниците! Тој рекол: *не дојдов да ги повикам праведниците, туку грешниците (на покаение)* (Матеј 9:13). Без разлика дали станува збор за мала или голема оддалеченост, ти и јас сме ја промашиле целта на Божјата светост. Зборот „грев" едноставно значи „да се промаши целта". Самите не можеме ништо да сториме за да го поправиме тоа. Залудна надеж е да се мисли дека можеме да најдеме мир со Бог со тоа што ќе бидеме добри или ќе правиме добри

дела. Тоа: *не е од делата, за да не се фали некој* (Ефешаните 2:9). Затоа кога зборува за спасение, Исус вели: *Милост сакам, а не жртви* (Матеј 9:13).

Вистинското разбирање на милоста Божја носи големо олеснување за луѓето заробени во сериозноста на нивниот личен грев.

Бидејќи Бог е богат со милост (Ефешаните 2:4), сè што Тој бара е да го добиеш спасението како Негов дар. *Зашто по благодат сте спасени, преку вера, и тоа не е од вас самите – тоа е Божји дар!* (Ефешаните 2:8) Самиот Исус платил со најголемо жртвување за да ја отвори вратата да влезе грешникот во Божјото свето присуство.

Бог на милоста сега направил изобилниот живот да биде бесплатно достапен преку Господ Исус Христос. Но, бидејќи Тој ти дал волја, Бог нема да те примора да земеш дел од тој живот. Како ќе одговориш на Божјата понуда на Неговиот бесплатен дар е прашање од голема важност. Бог вели: *Еве, сега е „погодното време", еве, сега е „денот на спасението"* (2 Коринќаните 6:2). Сега – не некое време во иднината откако ќе се обидеш сам да го поправиш својот живот. Запамти дека Исус рече: *не дојдов да ги повикам праведниците, туку грешниците* (Матеј 9:13).

Да се биде чесен во однос на вистинскиот проблем, проблемот на гревот, е прв чекор кој води кон негово решавање. Рацете на Исус се отворени да те прими денес, без оглед на тоа што си и во каква состојба си. Сè што сака да чуе од тебе е: *Боже, биди милостив спрема мене грешникот!* (Лука 18:13)

**Пауза за размислување**

1. Дали забележуваш дека денес има нешто сосема погрешно во нашето општество?
2. Кога си болен, дали е најважно докторот да направи точна дијагноза пред да ти препише лек?
3. Што прави Библијата: Поставува дијагноза за твојот проблем?

***Значи постоел еден човек по име Симон, кој претходно се занимавал со магија во градот, и ги вчудоневидувал луѓето на Самарија, тврдејќи дека е голем човек; и тие сите, од најмал до најстар, му посветувале внимание, велејќи: ,,Овој човек е она што се вика Големата Моќ на Бог''.***

***Д-р. Лук***

ГЛАВА

6

# *Зошто луѓето толку скршнуваат?*

Како момче, живеев на дел од Британските Острови над кои непријателските бомбардери непрекинато летаа. Беше топло, и овие бомбардери беа на пат кон нивните целни подрачја во индустриските области на Средна и Северна Англија. Јас и моите пријатели научивме да го разликуваме звукот на непријателски бомбардер од звукот на нашите борбени авиони. Кога ќе видевме како рефлекторите осветлуваат непријателски авион на небото, станувавме многу возбудени. Знаевме дека со употреба на противавионското вооружување од земја или со воздушен двобој ситуацијата понекогаш резултира со соборување на бомбардерот.

Со соборување на непријателски авион, секогаш постоеше можност дека некој од членовите на екипажот ќе се спаси со падобран. За да им се отежни на преживеаните да го пронајдат патот и на тој начин да избегаат и можеби повторно да се вратат со нов товар бомби, властите ги разместуваа патоказите на раскрсниците. Така практично немаше патокази на патиштата.

Сепак, ние момчињата знаевме дека надвор од градот, во вутонските шуми, сè уште беше останат еден мал патоказ на една многу незначајна раскрсница. Кога го свртевме знакот и го насочивме во погрешна насока, навистина мислевме дека помагаме за добивање на војната. Ние, како и локалните власти, сакавме да го збуниме секој непожелен гостин на нашето копно.

Секако, ако таквата личност имаше веродостојна мапа во своите раце, фактот дека нема патокази воопшто не ќе претставуваше проблем. Дури и нашата момчешка идеа за вртење на патоказот не ќе го збунеше непријателот освен ако ние не избравме да ја занемариме информацијата за неговата мапа.

Бог ни кажува за секакви видови на луѓе кои, во својата потрага по Бог, ќе бидат погрешно насочени од лажни патокази.

Да започнеме, секоја личност, која ќе избере да го игнорира

фактот дека постоењето на ваков чудесен универзум насочува кон Бог Создателот, ќе биде навистина збунета!

*Нарекувајќи се мудри, станаа безумни...и бидејќи сметаа дека не им годи да Го сознаваат Бога, Бог ги предаде на нивниот изопачен ум...* (Римјаните 1:22,28).

И таквиот изопачен ум ќе обожува создадени работи, наместо Самиот Создател. Човек што јасно размислува, од друга страна, ќе го обожува својот Создател. Според тоа, ако одбиеш да веруваш дека Бог го создал универзумот, Бог ќе те препушти на расипаниот ум и ќе те остави да веруваш во некои луди идеи за тоа како настанал универзумот. Изопачен ум е ум во заблуда!

Бог исто така предупредува дека луѓето, кои одбиваат да го прифатат Божјото Слово како вистина, ќе бидат подготвени да го следат изопачениот пат, оној кој води кон уништување. Навистина, секоја личност која нема да избере позитивно и активно да ја љуби вистината на Божјото Слово се става себеси во многу опасна позиција.

*Зашто не ја примија љубовта на вистината за да се спасат...Бог им праќа заблуда да дејствува меѓу нив за да и веруваат на лагата...* (2 Солунците 2:10,11).

Кога еднаш некој ќе ја занемари и одбие да ја прифати вистината, тој ќе биде подготвен да го прегрне она што е погрешно.

Добро помнам како еднаш се обидував да си го најдам патот до дома низ густата лондонска магла. Само за да дојдам до ивицата на патот, ми беше потребна огромна помош. Дури и светлоста од мојата батериска светилка не можеше да се види кога ќе ја одалечев од мене со испружување на раката. Бог вели дека силната заблуда, која навистина е како умствена магла, ќе го придружува крајот на сегашниот ред на работите на земјата, за луѓето кои ќе ја имаат одбиено вистината за Божјото Слово. Следбениците на Исус Го запрашале, кој ќе биде знакот на Твоето доаѓање, и на крајот на светот? Меѓу другото, Тој одговорил:

*Зашто ќе се појават лажни месии и лажни пророци, и ќе прават големи знаци и чуда, за да ги заведат, ако е можно, и избраните* (Матеј 24:24).

Дури и сега може да си кажеш: „Добро, јас не сум заведен”. Можеби дури и се гордееш дека лесно може да разликуваш лажен Исус или лажен пророк. Но запри за миг и размисли за твојот заклучок. Бидејќи, ако не си ја љубел вистината, Бог дозволил Сатаната да го заведе твојот ум, а за тоа сигурно нема да бидеш свесен. Ако всушност си знаел дека некој лажен пророк те завел, тогаш не би ни бил воопшто заведен. Целата заблуда мора да е во умот, и секој кој е интелектуално горд, со тешкотија ќе прифати дека неговиот ум бил изигран да верува во лага.

Навистина постојат два вида на луѓе кои ќе ѝ одолеат на вистината откако ќе ја прочитаат Библијата, поради тоа што се отворени за измамите научени од светот. Првиот вид е човек кој е интелектуално горд и се чини дека е претерано самодоволен. Другиот вид е човек кој е морално непослушен. Но за секоја личност која навистина посакува да ја исполни волјата Божја, Господ Исус има посебно ветување: *„Ако некој сака да ја исполнува Неговата волја, ќе знае (ќе го има потребното просветлување за да препознае, и може да зборува за себе) дали е ова учење од Бог, или зборувам Сам од Себе...”* (Јован 7:17 Амп).

Ако навистина посакуваш да ја исполниш волјата Божја, биди сигурен дека преку Библијата Бог ќе те научи што да веруваш и што да не веруваш, и како да се однесуваш и како да не се однесуваш.

Сепак, сѐ уште треба да сме претпазливи за да ги отфрлиме зборовите на оние самонаречени религиозни учители кои не нѐ учат на вистинското Слово Божјо, напротив ќе се обидат да те натераат да веруваш и да правиш погрешни работи.

Во ова поколение, некои од застапниците на Сатаната, кои ги насочуваат луѓето во погрешна насока, се членови на псевдохристијански култови. Секоја личност која одбрала да ја отфрли вистината за Бог Таткото, Бог Синот и Бог Светиот Дух – Трите во Едно и Едно во Трите – е лажен пророк. Преку таквите луѓе може да бидат изложени неколку изолирани стихови од Библијата, исто така тие целосно го одвојуваат текстот од контекст и така промовираат небиблиска религија. Секогаш може да разоткриете лажен учител прашувајќи го: „Кој е Исус Христос?”. Тоа е дел од причината зошто е толку значајно да знаеш кој е Тој.

Кога навистина знаеш дека Исус е Бог Синот, дури и тајните друштва кои со големо другарство си помагаат едни на други ќе бидат видени и сфатени како уште една духовна заблуда. И додека Бог може да биде спомнат во таквите друштва, овие друштва ги отфрлаат учењата на Исус Христос кој рекол:

> *Никој не доаѓа кај Таткото, освен преку Мене* (Јован 14:6). Библијата бележи остри зборови кои се однесуваат на оние кои се изгубени во однос на Божјата вера. *Ти веруваш дека има само еден Бог; добро правиш! И демоните веруваат и трепераат* (Јаков 2:19).*

Денес исто така сме сведоци на предупредувачкиот растеж на активностите на главните религии кои го порекнуваат Бог од Библијата. Различни секти на Индуистичката религија го привлекуваат интересот на многу нови луѓе. Во земјите некогаш познати по нивното Библиско наследство, основната индуистичка филозофија е претставена во форма на трансцендентална медитација или слични форми на источен мистицизам како јога или аскетизам. Различните култови кои произлегуваат од индуизмот глупаво обожуваат многу создадени богови, наместо Бог на Создавањето. И, точно е да се каже дека, многу заведени умови се повеќе восхитени од самовоздигнати „Гуруа", отколку да се со Бог Создателот кој се понижил Себеси со посетата на земјата.

Муслиманскиот свет исто така прикажува неверојатна ревност во ширење на својата вера. Нивните нафтени долари и нивната растечка политичка сила им овозможува да ги прошират своите

---

* Слободните ѕидари (масони) се најголемото меѓународно тајно друштво, со членство, според нивните фалби, од околу десет милиони луѓе низ целиот свет. Иако нивните принципи „братска љубов, помагање и вистина" се привлечни за многумина, масонството не е така безопасно како што изгледа за неупатените. За да стане масон, секој кандидат мора да исповеда дека тој е во темнина барајќи светлина. Следбениците на Исус веруваат дека веќе ја имаат најдено светлината. Исус вели: „Јас Сум светлината на светот, Кој Ме следи, нема да оди во темнина, туку ќе ја има светлината на животот." (Јован 8:12). Церемонијата на иницијација во масонското тајно друштво е многу драматична и исполнета со симболика. Тогаш, на кандидатот за масон му се кажува дека Гауто е „загубеното име на Бог", и дека Гауто е „великиот архитект на универзумот". Теоретски, секој кој верува во Бог, без разлика дали е будист, индус, муслиман, евреин или христијанин може да стане слободен ѕидар. Така Гауто (концепт за Бог направен од човекот) ги оттргнува мислите од Исус за Кого Библијата вели дека е *вистинска Светлина* (Јован 1:9). Понатаму, кога масонот ќе стане мајстор масон, тој е поучен за следното име на Бог – „Јахбулон". Ова име всушност преставува комбинација на еврејското и средноисточното име на Бог. Тоа е добиено од ЈАХ од ЈАХВЕ, БУЛ (форма на Баал) и ОН, кое се однесува на египетскиот бог на сонцето. Ова е класичен пример на синкретизам со залуден обид да се комбинираат различни верувања. Самиот Исус рече: „И така, ако светлината што е во тебе е темнина, колкава ли е темнината!" (Матеј 6:23)

граници во размери кои беа незамисливи и неверојатни до пред неколку години. Од еден од нивните „најсвети” храмови, наречен Кубето на каменот и сместен во Светиот Рид во Ерусалим, тие смело го одрекуваат вистинското средиште на Божјата Радосна Вест. Арапскиот натпис на Кубето на каменот изјавува: „Бог не е роден, ниту Тој може да роди”. Библијата, сепак, вели:

> *Зашто Бог толку го засака светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој кој верува во Него да не загине, туку да има вечен живот* (Јован 3:16).

И духовната заблуда не е ограничена во религиозниот свет. Секуларниот свет ја прифаќа хуманистичката филозофија која тврди дека човекот е центар на универзумот и дека примарна општествена цел е развојот на човекот. Хуманизмот се прокламира на универзитетите, во весниците, на меѓународните корпоративни семинари, во познатите списанија, како и на радио и на телевизија. „Размазете се” е себичната тема позната во светот на рекламите.

Хуманизмот, кој не е ништо друго, туку обожавање на човекот, навистина и не е така нов како филозофија, како што некои луѓе можеби мислат. Во времето на Павле, Бог рекол: *Божјата вистина ја заменија со лага, и му се поклонуваа и служеа на создаденото наместо на Создателот...* (Римјаните 1:25). Бог прашува нешто што сигурно е многу понижувачко прашање за хуманизмот: *Каде беше кога ја основав земјата, кажувај, ако знаеш!* (Јов 38:4). Тоа е стара приказна. Кога Сатаната дошол кај Ева, изложувајќи го невозможното како возможно рекол: *вие ќе бидете како Бога* (Битие 3:5). Во денешно време Сатаната ја продолжува својата зла работа преку лажливите учења на секуларниот хуманизам.

Можеби си од модерната младина која не се „возбудува” ниту за политичките, ниту за религиозните збиднувања. За тебе, политичарите се сомнителни и религијата е небитна. Претпочиташ да се дружиш со рамни на себе и на друго место го бараш личното исполнување. Можеби мислиш дека животните стилови опишани во стиховите на ‘панк рокот’, ‘њу вејв музиката’, ‘хеви металот’, или што и да е друго што е во тек, ќе ти даде можност за бегство од осамениот свет во кој се наоѓаш.

Сигурно си свесен за зборовите кои ги слушаш и на кои танцуваш. Иако можеби нема да сакаш да ги опишеш на следниов начин, сигурно ќе се согласиш дека поголемиот дел од нив се комбинација на Сатанизам, садизам и секс. Не ретко ужасите на Пеколот се претставени

со музика како привлечна алтернатива на божемното безначајно постоење. Во атмосфера која понекогаш достигнува размери на гневно насилство, тоа е знаме под кое овие млади луѓе се здружуваат охрабрени да се уништуваат себеси и меѓусебно едни со други.

Дозволи ми да ти кажам за едно место во градот Лос Анџелес. Тоа е мртовечница наречена „ладилникот". Таму, 600-тини тела, многу од нив млади луѓе, се складираат на три месеци, со надеж дека некој ќе може да ги идентификува. „Анонимни" таблички висат врзани на нивните ножни палци. Поголемиот дел од овие несреќници на крајот се закопуваат неидентификувани како „Џон Доу" на гробиштата за сиромашни и бездомници. Најмногу од нив биле зависници од дрога, одигрувајќи ја својата животна улога според пораките, кои и сега се објавуваат, во дискотеките и на ЦД плеерите во милиони домови. Тие следеле погрешни патокази. Сега, на крајот од патот, предоцна е за промени. Само кога тие би ги слушнале и обрателе внимание на зборовите на Господ Исус, Кој рекол: *Јас дојдов за да имаат живот, и да го имаат во изобилие* (Јован 10:10).

И сега на целата мешаница се додава и извонредниот пораст на интересот за „црна магија". Доверливи извори укажуваат дека активниот интерес за окултизмот е распространет исто како што бил во познатиот мрачен среден век. И тоа се појавува и покрај денешното т.н. „научно просветлување".

Во многу неверојатни места расте бројот на обожавателите на Сатаната. Деловни луѓе од центарот на Лондон се состануваат во Кенсингтон да ја прослават „Црната Миса". Здруженијата на „вештерки" се множат во Европа, како и во далечни места како прекрасниот остров Ванкувер. Мрачните обичаи на обожавање на предците од Африка се удвоени во спиритуалните сеанси ширум светот. Различни групни игри како „Зандани и Змејови" и „Плочата за пораки од духови" кај луѓето ја задоволуваат растечката воодушевеност од злото и натприродното. Таквиот растечки феномен е резултат на површната духовна љубопитност. Во нивната застранета потрага по Бог, многу луѓе, не само што се тргаат од светлината Божја, туку се наклонуваат кон темнината на окултизмот за еден вид на лажно, празно духовно исполнување. И сето тоа се случува во рамките на сѐ уште наречениот цивилизиран свет.

Правиме добро што се потсетуваме што вели Бог за последните денови. Тој нѐ предупредува за лажни пророци и лажните знаци и чуда кој ја следат големата заблуда на крајот од времето. Всушност, Бог ни кажува дека ќе се појави господарот на измамата, чии злокобни дела ќе бидат во согласност со сатанското дејствување и

изложени на сите видови на лажни чуда и чудотворни знаци, и во секој вид зла и неправедна измама за оние кои загинуваат... (2 Солунците 2:9,10).

Поради овој зголемен интерес за лажни учења и зли делувања, не е тешко да се разбере зошто растечкиот број на народи и заедници се поплавени со неподносливи сили на скептицизам, празно помирување и безнадежност. Сатанските патокази се многубројни за сите да бидат наведени, но бидете сигурни дека ниту еден од нив не води до Господ Исус Христос како единствен човеков ослободител.

Божјата порака, спротивно на светскиот мрачен приказ на животот, секако не е за мрачноста, збрканоста и смртта. Неговата порака е порака на надеж, сигурност и треперлив живот како оној кој го наоѓаме во Христос. Додека ја читаш Библијата во твојата потрага по Бог, Светиот Дух секогаш ќе те насочува кон Господ Исус Христос, Кој рекол: *Јас сум Патот, Вистината и Животот.* И не може да постои друг, затоа Исус продолжува: *Никој не доаѓа кај Таткото, освен преку Мене* (Јован 14:6).

Бог те предупредил за лажните патокази за да не бидеш погрешно насочен. Тој исто така те информирал за растечката заблуда која може да ти го помати умот и твоето размислување. Сега Тој ти ветува:

> *Зашто јас ги знам Своите замисли за тоа што имам намера со вас... замисли за мир, а не за несреќа; да ви дадам иднина и надеж. Тогаш ќе Ме повикувате, ќе дојдете кај Мене, ќе Ми се молите, и Јас ќе ве слушам. Ќе Ме барате и ќе Ме најдете, зашто ќе Ме барате со сето свое срце. И ќе оставам да Ме најдете, – зборува Господ* (Еремија 29:11-14).

**Пауза за размислување**

1. Каков ум го слави созданието наместо Создателот? (прочитај Римјаните 1:22-28).
2. Во твојата потрага по Бог, кој е клучот кој ќе ги разреши интелектуалните проблеми кои ги имаш? (прочитај Јован 7:17)
   Дали тоа е твојот ум?
   Дали тоа е твојата волја?“
3. Дали Бог ти дал јасни знаци кои ќе те водат кон Него? (прочитај Јован 8:12)

***Пред многу години едно момче од класот на неделното училиште во Англија го запрашало својот учител: ,,Дали Бог ги сака лошите момчиња?'' и учителот одговорил, ,,Не, секако не.'' Ох, какво ненамерно богохулење со таквиот одговор за момчето! Ако Бог не ги сакал лошите момчиња, Тој никогаш не ќе ме сакаше мене! Шекспир рекол: ,,Љубовта не е љубов која се менува, кога нејзината замена ќе се најде''***

***Г. Кемпбел Морган***

ГЛАВА
7

# Дали Бог навистина ме сака?

Дали некогаш си се посомневал во љубовта на некој кој многу ти значи? Или дали си се обидел да увериш некого дека го сакаш, кога тој не верувал во тоа? И во двата случаја, ќе знаеш дека има периоди кога вистинската љубов може подобро да се искаже со дела отколку со зборови.

Бидејќи делата се многу помоќни од зборовите, Бог ја покажал Својата љубов кон тебе со тоа што Го направил кога Исус бил распнат на крстот. Кога ќе го сфатиш значењето на ова, нема да ти требаат понатамошни објаснувања за да ти помогнат да сфати дека Бог навистина те сака.

Веднаш откако јас се обратив кон Христос, прочитав вистинита приказна за едно момче трубач и еден војник. Тие обајцата служеле во војска за време на бурската војна. Трубачот, Вили Холт, имал дванаесет години кога бил распореден во шатор со седумина безобразни војници. Еден од овие мажи се викал Бил. Како и да е, за разлика од Бил, Вили бил предан верник на Господ Исус Христос. Секоја вечер, тој клекнувал покрај својот кревет за тивко да се помоли и да ја чита Библијата. Кога го правел тоа, другите војници му се потсмевале и му се обраќале со пцости.

Еден ден одговорниот полковник ја повикал четата на зборното место. Откриен бил крадец во шаторот во кој Вили и Бил биле распоредени. Во очајнички обид да влезе во траг на криминалот, полковникот издал ултиматум на целата чета: „Моите претходни предупредувања беа бескорисни," рекол тој. „Минатата ноќ крадецот повторно бил во акција. Денес, на виновникот ќе му дадам последна можност да го открие својот идентитет и да ја прифати казната како маж. Ако не се пријави, сите во четата ќе биде казнети со по десет удари со камшик по нивниот гол грб. Но ако некој истапи да ја прифати казната, преостанатите ќе бидат поштедени."

По напнатата тишина, Вили застанал мирно, истапил и рекол:

„Господине, само што изјавивте дека,'ако еден маж истапи за да ја прифати казната, останатите ќе бидат поштедени.' Господине, јас ќе бидам тој маж." Со лутина, полковникот извикал кон непознатиот страшливец: „Како можеш да дозволиш недолжно момче да ја превземе твојата казна?" Никој не се помрднал од место. „Тогаш," рекол полковникот, „сите ќе ја следите бедната глетка како недолжно момче ја поднесува казната за виновен маж."

За да го одржи дадениот збор, полковникот наредил да го соголат грбот на Вили, и потоа започнале суровите удари од камшик. Како што Вили ја губел свеста под горките удари, одеднаш Бил, неможејќи да ја издржи глетката повеќе, се пробил низ редовите и извикал: „Запрете! Јас сум крадецот. Јас ќе ја превземам својата казна." Освестувајќи се, Вили полека го подигнал својот поглед кон Бил шепотејќи: „Во ред е Бил, полковникот не може да си го погази зборот сега. Јас ќе ја преземам целата твоја казна." Така и направил!

Младиот Вили никогаш не закрепнал од последиците од тоа камшикување. Но пред Вили да отиде во Рајот, Бил, веќе скршен човек, липајќи покрај неговиот кревет го прашал: „Зошто Вили? Зошто го стори тоа за мене? Јас не вредам толку." Одговорот на Вили беше едноставен и велеше: „Бил," рекол тој, „Јас често се обидував да ти кажам колку многу Бог те сака, но ти секогаш ми се смееше; па си помислив дека ако ја преземам твојата казна, тоа ќе ти помогне да разбереш колку многу Исус те сакал кога Тој отишол на Крстот на твое место и умрел за твојот грев." Пред Вили да замине во Рајот, Бил го прифатил спасението кое бесплатно го нуди Христос.

Во Христос, Рајот го отпочнува неговото победничко спасувачко делување за изгубеното човештво. И тоа била Љубовта – љубовта Божја за секој од нас – која го поттикнала неверојатното дело на Христос жртва и страдање.

### *Совршениот човек*

Три крста биле подигнати на ридот на Голгота. На два од нив биле распнати крадци. Помеѓу овие злосторници Господ Исус бил закован и распнат на крст, и така Тој умрел.

За време на последните часови од страдањето со големи болки, еден од крадците ризикувал изкажувајќи го своето мислење за квази правниот систем преку кој сите тројца биле осудени да умрат. Колку и можеби да изгледа зачудувачки, негова првична грижа не била за неговите сопствени болки кои го мачеле и мореле неговото тело. Наместо тоа, неговите мисли биле насочени кон тоа како римското правосудство претерало со осудувањето на Исус на смрт исто како

и двајцата крадци. Таа упадлива неправда се чини го тревожела него. Свесно и понизно, крадецот на умирање направил три мудри забелешки како што се приближувал неговиот последен миг.

Прво: *Го добиваме тоа што го заслужуваме за нашите дела.* Во таа кратка и понизна изјава, крадецот кој умирал ја признал својата лична одговорност за неговото злосторство, и со тоа ја признал својата лична вина.

Второ: *И ние навистина умираме праведно...* во наше време кога ситните кражби и дури насилничките дела или кражби се вообичаена појава, можеби е тешко да се разбере колку сериозно на таквите злодела се гледало во првиот век. Но во три кратки збора, крадецот на умирање ја искажал сопствената осуда, во негово време, неговата смртна казна била во исто време и законска и праведна. Ние...умираме праведно.

Трето: *Овој човек не сторил ништо лошо.* Иако е необично да се чита, како крадецот бил свесен за својата лична вина и како тој ја прифатил правдата на законскиот правен систем, сосема е зачудувачки да се чита за неговата грижа за Исус, кој висел на крстот покрај него. Овој човек – овој Исус, забележал крадецот на умирање, не бил виновен и затоа бил неправедно осуден да умре.

Обвинет за својот сопствен грев, како што висел на крстот, крадецот немал друга надеж освен да се сврти кон Исус. Така, тој сериозно со молба се обратил: Исусе, сети се на мене кога ќе дојдеш во Твоето Царство. Тој, Исус, се одзвал, како што секогаш и правел на таквото искрено признание на вина и потреба, и Господ Исус веднаш му ветил: *Денес ќе бидеш со Мене во рајот* (Лука 23:39-43).

Тој ден, крадецот кој умирал, како и сите грешници што се покајале и кои се свртиле кон Бог, се здобил со вечен живот. Тој се обратил кон вистинската личност – Господ Исус Христос – и Го замолил за Неговата милост на вистинското место – Крстот каде Исус умрел.

Да, на тој ужасен ден, во очите на еден од распнатите крадци, Господ Исус бил навистина невин. Сепак, подоцна двајца следбеници биле дури поконкретни во нивните забелешки. Тие сведочеле дека Исус е безгрешен. Секој од овие ученици, заедно со Апостолот Павле, го забележале неговото лично сведоштво за Исусовата безгрешност.

ПЕТАР, близок пријател на Господ Исус, бил познат како избувлив човек. Затоа, кога тој сведочел за безгрешноста на Исус, во согласност со неговиот карактер, тој користел активен говор: Тој (Господ Исус) не направи грев (1 Петар 2:22).

ЈОВАН исто така имал особено пријателство со Господ Исус. Поради тоа тој често имал можност да го набљудува Господ кога

Тој бил далеку од критичките погледи на толпите. Од таа привилегирана перспектива Јован јасно сведочел дека: во Него (Господ Исус) нема грев (1 Јован 3:5).

ПАВЛЕ, од друга страна, бил познат како ученик со посебно реноме. Затоа, кога Павле, човек на учење и знаење, зборувал за Господ Исус не е изненадувачки тоа што тој изјавил: Тој не знаеше за грев (2 Коринќаните 5:21).

Многу е впечатливо таквото тројно вистинито сведочење кое се однесувало на безгрешниот живот на Христос, но некои можеби би сакале да ја отфрлат оваа остроумна забелешка, велејќи: „Аха, ниту крадецот на умирање, ниту апостолите Петар, Јован и Павле, не може да се опишат како објективни сведоци. Крадецот на умирање бил човек во очај и апостолите биле предодредени со нивната посветеност на Господ Исус." Добро, тогаш што е со Понтиј Пилат, римскиот гувернер на Јудеја? Секако, тој воопшто не бил пријател на Христос. И покрај тоа, кога одговарале обвинителите на Исус кои Го обвиниле врз основа на лажни обвиненија против Него со намера да изнудат смртна казна, Пилат изјавил:

> *Јас Го испитав Него пред вас и не најдов во Него никаква вина за која Го обвинувате* (Лука 23:14).

Но што се овие човечки сведоштва кога ќе се споредат со изјавата на Бог Таткото од Неговиот Престол на Небесата? Кога некој треба да зборува пред јавен собир, се смета дека е правилно и оправдано претходно тој да биде љубезно претставен. Исто така, кога Исус требаше да ја отпочне Својата јавна служба, Бог Таткото ја задржал за Себе честа на претставувањето на Неговиот возљубен Син. Со продорен глас од Небесата, Таткото најавил: *Овој е Мојот мил Син, Кој е по Мојата волја!* (Матеј 3:17).

Таткото знаеше дека кога Исус беше на овој свет во човечко обличје, Тој живееше онака како што Бог замислил човекот да живее. Сите други се лишени од Божјата слава (Римјаните 3:23). Но не Исус! Тој бил совршен во секој поглед. Затоа, кога требало Исус да ја започне Својата јавна служба, Неговиот Татко Го претставил, и тоа бил Неговиот Свет Татко (Јован 17:11) кој покажал задоволство од начинот на кој живеел Неговиот возљубен Син.

Како што веќе објаснивме, Господ Исус никогаш не бил ништо помалку од Бог. Затоа е застрашувачко сфаќањето дека Бог се понижил Себеси благоволно дозволувајќи да биде роден преку утробата на мајка девица, превземајќи врз Себе облик на човек.

Сепак, ако Исус како човек не бил целосно потчинет на Неговиот Небесен Татко, Тој никогаш не ќе му донесел целосно задоволство на Неговиот Татко. И покрај тоа, при Неговиот земен живот, Исус секогаш бил послушен и зависен од Својот Татко. Според тоа Неговата човечност претставувала земско изразување на Божествената светост, љубов и смисол на Неговиот Татко.

Да, како човек, Исус чекорел по истата планета која Тој, како Бог, ја создал. Иако, Господ Исус никогаш не бил ништо помалку од Бог, за тие 33 години Тој ја покажал Божјата намера за тоа како треба човекот да живее. Ништо во човечноста на Исус никогаш не прекрши ништо од она што Бог го замисли за човекот. Во текот на тие години, Тој секогаш му бил целосно на располагање на Својот Небесен Татко. Затоа, Таткото бил многу задоволен додека го надгледувал Својот возљубен Син, кој живеел како совршен човек меѓу луѓето.

НЕВИН! БЕЗГРЕШЕН! СОВРШЕН! За крадецот на умирање и Понтиј Пилат, Исус бил невин. За Петар, Јован и Павле, Исус бил безгрешен. За Светиот Татко на Небесата, Исус бил совршен. Невин! Безгрешен! Совршен! – И сепак тој умрел за нас: умрел за нас поради Неговата голема љубов за секој од нас!

## ***Љубов без граници***

Сега, во твојата фантазија, обиди се да им се приклучиш на гледачите кои биле сведоци на страшните настани на тој прв Велики петок. Околу крстот толпата зјапала. И кога тие ја гледале страшната претстава, биле соочени со потресната сцена на крвавиот контраст.

На обете страни од Исус висел злосторник. Обајцата мажи биле виновни пред луѓето, и обајцата биле виновни пред нивниот Создател Бог. Законот на земјата за обајцата наложувал смртна казна.

Помеѓу овие двајца мажи, Исус бил закачен на Неговиот крст. Во силен контраст со крадците, Исус не само што бил невин и безгрешен пред луѓето, но Тој бил исто така и совршен пред Својот Свет Татко. *Бог…во Христос* (2 Коринќаните 5:19) замина на крстот како невино и чисто Јагне (1 Петар 1:19). Откупителната смрт на Хритос за грешниот човек е доброволен акт од Божјото срце исполнето со љубов.

Крадците требало да умрат, но секако не и Господ Исус. Претходно, додека им зборувал на судиите, Исус потврдил: *Јас го давам Својот живот, за повторно да го земам. Никој не Ми го одзеде, туку… Имам власт да го дадам, и имам власт да го земам пак* (Јован 10:17,18). И кога им објаснувал на Своите ученици за големината која Неговата љубов наскоро ќе ја достигне, Тој рекол: Никој нема поголема љубов од оваа: *да го положи сопствениот*

*живот за своите пријатели* (Јован 15:13).

Тоа било по смртта и воскреснувањето на Господ Исус, кога Апостолот Павле понатаму нагласил: *Бог беше во Христос... И тоа дека: Оној Кој не знаеше за грев, Бог Го направи грев заради нас, за да станеме Божја праведност во Него* (2 Коринќаните 5:21). Со векови подоцна, прекрасната вистина за замената на Христовата смрт за нашиот грев, беше значајно искажана во следнива зборови:

Ти си моја Праведност,
Јас бев Твој грев,
Ти го презема тоа што беше мое
И ми го даде тоа што беше Твое,
Ти стана тоа што Ти не беше
За јас да можам да станам тоа што не бев.

### ***Зрно пченица.***

Свесен за Својата блиска смрт, Господ Исус го отворил Своето срце на учениците им и рекол:

> *Еве, Мојата душа е вознемирена, и што да кажам: 'Татко, избави Ме од овој час? Па, заради тоа и дојдов во овој час!' Татко, прослави го Твоето име! Тогаш дојде глас од небото: 'Го прославив и пак ќе го прославам.'* (Јован 12:27,28).

Сега, може да прашаш: „Како на земјата Бог можел да биде прославен со така крвава глетка како што било распнувањето на крст?"

Добро, да се осврнеме на клучната изјава од која се развил овој разговор помеѓу Таткото и Синот. Сети се што Исус ги учеше Своите ученици:

> *Вистина, вистина, ти велам, ако пченичното зрно не падне во земјата и не умре, останува само, а ако умре, донесува многу плод* (Јован 12:24).

Да, Исус како совршен човек би требало да оди право во рајот без некогаш да умре. Смртта немала право на Него, бидејќи само Тој, помеѓу целиот човечки род, бил невин, безгрешен и совршен. Но наместо тоа, Тој избрал да го прослави Таткото правејќи возможно за тебе и за мене да одиме во рајот и да бидеме со Него. Прекрасно! Каков чудесен чин на љубов!

Ако Тој не умрел, Исус ќе немал плодови на духовна жетва да ги однесе со Него на Небесата и ти и јас ќе бевме осудени на изгубена вечност.

Како што е, твојата вечна судбина сега може да биде одредена од твојот личен одговор на смртта на Исус. Можеби изгледа неверојатно, но некои луѓе сè уште избираат да го одбијат проштевањето кое Тој го нуди, а другите ќе останат неодредени во врска со Неговата жртва од љубов. Без разлика дали некој свесно го отфрла Исус или само не прави ништо во врска со Него, резултатот е ист: разделба засекогаш од единствениот извор на живот, светлина и љубов. Таа страшна состојба е опишана во овие зборови:

Умирајќи вие ќе умрете,
Ќе умирате со голема смрт,
Ќе умирате вечно,
Секогаш ќе умирате, меѓутоа никогаш мртви.

Но благодарение на Божјата љубов и милост: ако се исповедаш на Исус дека си грешник и си неспособен да сториш било што за да платиш за твоите гревови; ако ја вложиш твојата верба во смртта на Исус како замена од љубов за твоите гревови, и ако се свртиш од гревот и Му се заблагодариш Нему што умрел за тебе и Го поканиш Него во своето срце и живот; тогаш Господ Исус ти го дава ова лично ветување:

> *Излегов од Таткото и дојдов во светот. Сега повторно го оставам светот и одам кај Таткото...Јас пак ќе дојдам и ќе ве земам кај Себе, за да бидете и вие таму каде што сум Јас* (Јован 16:28;14:3).

Сепак, вечниот живот не е само осигурување за мојата иднина на Небесата, тој е исто така и величенствена, сегашност и реалност за секој кој верува и го љуби Господ Исус Христос. На таквите луѓе Бог им ветува:

> *Бог ни даде вечен живот, и тој живот е во Неговиот Син. Кој Го има Синот, го има тој живот; кој Го нема Божјиот Син, го нема тој живот* (1 Јован 5:11,12).

Вечниот Живот е во Личност – Господ Исус Христос. И кога Тој ќе Го завземе Своето престојувалиште во човековото срце, токму во

тој миг започнува вечниот живот.

### *Огромна цена*

Како што сите веќе забележавме, ако сакаме да живеме со Бог секогаш и засекогаш, ние мора да најдеме решение за проблемот со нашиот грев. И одговорот на гревот во нашите животи се наоѓа во смртта на Исус. Светоста Божја, правдата Божја, и љубовта Божја, сите се наоѓаат на крстот на Христос. Таму, Неговата светост е сочувана; Неговата правдина е оправдана; и таму, љубовта Божја ги прегрнува грешните луѓе како тебе и како мене.

Во неговиот дневен молитвеник 'Моето Највозвишено за Неговото Височество', Освалд Чемберс го објавил ова корисно предупредување:

> Биди свесен за пријатниот поглед на Татковството на Бог кое вели, 'Бог е толку добар и полн со љубов што Тој секако ќе ни прости.' Како и да е, тоа чувство го нема во Новиот Завет. Единственото место на кое Бог може да ни прости и нè врати во Неговата наклоност е преку крстот на Христос, и на ниту еден друг начин. Дури и да го прифатиме тоа како вистина, сè уште е можно да се добие прошка за гревот со едноставноста на верата и да се заборави тогаш огромната цена за Бог која сега е наша.

Иако ние претходно го споменавме несебичниот чин на Вили Холт, не постои простор за споредба на човековото страдање со страдањето на Бог, кое Тој го поднел на распнувањето на Голгота како приказ на прилагодување на Неговата љубов кон нас. И преку духовно-вдахновеното Слово кое го викаме Библија, Бог Самиот ги повлекува завесите на страна за да ни овозможи поцелосен поглед на таа пожртвувана љубов. Дури тогаш, величината на Неговата љубов понатаму ја надминува способноста на нашето ограничено разбирање. Сепак, размислувајќи за зачудувачкиот чин на љубов, може да започнеме да цениме мал дел од должината и ширината, височината и длабочината на љубовта Божја.

Кога Исус умрел на крстот, Тој страдал за нашите гревови на трикратен начин.

На крстот телото на Исус се мачело во агонија; на крстот Неговата љубов била растегната до крајност; и дури потрауматично од ова, на крстот Исус бил отсечен од светлината и славата и мирот, кои Тој засекогаш ги уживал во Неговото единство со Таткото.

Да, страдањата кои Исус ги поднел на крстот навистина се вон нашето човечко разбирање. Сепак, размислувајќи за Неговото

физичко страдање, Неговото емоционално страдање и посебно Неговото духовно страдање, на нов начин ќе ја цениме величината на Неговата љубов за грешните луѓе.

**Физичко страдање:** Навистина е неверојатно да се изедначува уништувањето на бесценета слика на Рембрант со осакатување на парче извалкана хартија. Дури и повеќе од тоа, смртта на совршениот човек, Христос Исус, никогаш не може да се изедначува, или воопшто да се споредува со смртта на било кое друго човечко битие.

Во Стариот Завет наоѓаме пророштво кое со точност го предвидува физичкото осакатување кое Исус подоцна ќе го поднесе. Таму ни се кажува дека Неговото појавување ќе биде осуетено и уништено повеќе отколку на било кој човек (Исаија 52:14). Во оригиналниот Хебрејски текст, во таа изјава Бог објаснил дека Неговиот возљубен Син ќе биде толку многу свирепо измачуван што Тој повеќе не ќе наликува на човечко битие. Таквото осакатување на Христос и неговиот физички облик биле проречени и од Самиот Исус:

> *Еве, одиме горе во Ерусалим и синот Човеков ќе им биде предаден на првосвештениците и на законициte и тие ќе Го осудат на смрт и ќе го предадат на неевреите; и ќе Му се РУГААТ, ќе Го ПЛУКААТ, ќе Го КАМШИКУВААТ и ќе Го УБИЈАТ...* (Марко 10:33,34).

> И токму тоа се случило! Подоцна Марко опишува што виделе очевидци: прво Го удираа со трска по главата, Го плукаа, потоа Го камшикуваа, и на крај Го поведоа да Го распнат (Марко 15:19,20).

Камшикувањето од страна на римјаните, со која телото на Спасителот било извршено со камшик од кожни ремени на кои имало врзани остри парчиња од коска или олово. Тоа сурово го раскинало месото и на грбот и на градите. Затоа во Псалмите е проречено дека Месијата ќе каже: *...тие ги прободија моите раце и моите нозе. Можам да ги пребројам сите мои коски, а тие ме гледаат и ме презираат* (Псалм 22:16,17). Да, Господ Исус – совршен на секој начин – минал низ болна и мачна смрт. Безчувствителното физичко осакатување кое Тој го претрпел буквално го обесчовечи Неговиот физички изглед.

Дали тоа повеќе ти помага да разбереш колку многу Бог те љуби?

**Емоционално страдање:** Иако физичкото страдање на распнатиот Господ Исус е вон нашето човечко разбирање, тоа било само дел од

Неговото вистинско страдање. Неговата физичка болка само ја допрела површината на Неговата длабока агонија.

На крстот Тој исто така доживеал и голема емоционална болка. Јован ги забележал за нас настаните од тие ужасни часови:

> *Но кога дојдоа до Исус (римските војници) и видоа дека е веќе умрен, не Му ги скршија нозете; туку еден од војниците го прободе со копје меѓу ребрата, и веднаш потече крв и вода* (Јован 19:33,34).

Сум слушнал медицински авторитети како го искажуваат своето верување дека присуството истовремено и на крв и на вода покажува дека всушност срцето на Исус се скинало. Некои специјалисти за срце понатаму го објаснуваат овој феномен и неговестуваат дека, кога срцето на Исус прекинало да работи, Неговата крв истекла во проширената кеса на перикардиумот која го опкружува. Тоа го објаснува фактот дека, како што војникот го прободел Спасителот, истовремено истекло и крв и вода. Во Псалмот 69, помеѓу другите точни претскажувања за смртта на Христос, читаме пророштво кое ја наговестува раната на Неговото раскинато срце: *Навредувањето ми го скрши срцето и се истоштив* (Псалми 69:20). Да, емоционалното страдање, кое не може да се опише, на Исус буквално му го скршило Неговото срце кое љуби.

Кога преку Неговото срце полно со љубов удрил бранот на севкупното страдање на човечката раса; и кога врз Неговата чиста душа – душата на Оној Кој бил одделен од грешниците (Евреите 7:26) – била фрлена сета нечистотија на самиот пекол, која не може ни да се замисли, ниту да се отпечати, Господ Исус умрел со скршено срце.

Дали тоа повеќе ти помага да разбереш колку многу Бог те љуби?

**Духовно страдање:** Понатаму на крстот, Господ Исус се молел: *Боже Мој! Боже Мој! Зошто Ме напушти?* (Матеј 27:46). Како што веќе забележавме, поради нашиот грев и поради нашата наследена грешна природа, сите ние сме отсечени од заедништво со Бог. Без помош од Небесата, сите ние би останале духовно мртви. Но иако Господ Исус – зачнат од Светиот Дух во утробата на девица – бил целосно безгрешен до крајот на Својот живот, на крстот Тој бил напуштен од Неговиот Татко и умрел од единствена причина – врз Себе ги зеде твојот и мојот грев. И Неговата смрт за нас вклучува страшна болка поради Неговата вистинска духовна разделеност од Неговиот Татко.

Кога Синот станал грев за тебе и за мене, Светото присуство на Небесниот Татко и Светиот Дух, било повлечено од возљубениот Син.

Иако Тој живеел во светлоста, која не може да се опише, на Божјото Тројство пред почетокот на времето, Исус во тој миг бил отсечен од хармонијата и светоста на Неговата вечна слава. Тоа е духовна смрт.

Кога Исус висел на крстот, Бог кој е вечна светлина, не можел да коегзистира со синот, кој е темнина. Затоа, кога Исус умрел за твојот и мојот грев, не е за изненадување фактот дека овој лош свет бил засенет со ужасна темнина три тажни часа.

Па можеби темнина сонцето го крие
И ја затвара неговата слава,
Кога Христос, моќниот Создател, умрел
За човекот битие на гревот.

*Исак Ватс (1674-1748)*

Тогаш, со семоќната Божја моќ, Исус бил воскреснат во Неговото физичко тело и Неговата духовна комуникација со Неговиот Татко била засекогаш обновена. Да, Господ Исус е засекогаш жив, физички, духовно и вечно! И овој Живот – Неговиот Воскреснат Живот – е сега достапен за секоја личност која со благодарност ќе Му се заблагодари Нему за тоа што Тој го сторил на крстот за нив, и лично ќе Го прифати како свој Спасител и Господ. За таквите луѓе Апостолот Павле напишал:

*Но Бог, Кој е богат со милост, поради Својата голема љубов со која нè засака, нè оживеа заедно со Христос и нас, кои иако бевме мртви поради нашите гревови - и со Него нè воскресна и нè постави на небесата, во Христос Исус.* (Ефешаните 2:4-6).

Кога Апостолот Павле изјавил дека Христос ќе биде првиот што ќе се воздигне од мртвите (Дела 26:23) тој бил свесен за луѓе кои, откако умреле физички, веќе биле физички враќани назад во живот. Но Павле рекол – Исус беше првиот! Првата Личност која ќе биде воскресната од мртвите, истовремено и физички и духовно и вечно.

Повеќето луѓе можеби веднаш би се поистоветиле со физичкото и емоционалното страдање на Господ Исус, но не и со Неговата духовна болка. Сепак, Неговата најголема болка била предизвикана со прекинот на вечното заедништво кое Тој отсекогаш го имал со Својот Свет Татко.

Пред почетокот на времето, и пред Исус да го создаде универзумот, Бог ја знаел огромната цена која била неопходна Тој да ја плати со цел грешниците да воспостават заедништво со Него. Сепак, надвор од Неговото срце на вечна љубов, троединиот Бог одредил Тој да страда во неизмерна физичка, емоционална и духовна агонија за тебе и за мене. Осврнувајќи се на ваквата неразбирлива љубов, Чарлс Весли (1707-1788) напишал:

> Зачудувачка љубов; како може да биде; дека Ти, мојот Бог; ќе умреш за мене?

Дали тоа повеќе ти помага да разбереш колку многу Бог те љуби?

### *Смрта ја убива смрта на мртво*

Покојниот Д-р. Сангстер беше еден од најталентираните говорници кои некогаш сум ги чул. Тој со восхитеност го користел својот јазик говорејќи за Неговиот Господ и Спасител Исус Христос. Иронично, пред да умре, Д-р. Сангстер воопшто не можеше да зборува поради ракот кој го имаше на неговата уста. Токму пред да почине и замине во рајот, тој ѝ гестакулираше на својата ќерка да му подаде молив и хартија. Тоа утро на Велигден тој напиша: „Подобро да се нема јазик и да се гори од желба да се извикне: ‘Христос воскресна’, отколку да се има јазик без желба да се извикне”.

Бидејќи Господ Исус Христос е Бог Создателот, Тој од ништо создал живот. Бидејќи Господ Исус Христос е Бог Спасителот, Тој ја победил смртта и донел живот од гробот. Како можел гроб на трулеж и смрт да го содржи Создателот на животот?

Пишувајќи им на верниците во градот Коринт, Апостолот Павле ги потсетил дека тие биле спасени од последиците од нивните гревови бидејќи тие го прифатиле (останале доследни на; верувале во и почивале на) тоа што Христос умрел за нашите гревови во согласност со Писмото (1 Коринќаните 15:3,4). Денес, секој вистински верник се потпира на славниот факт дека „Христос умрел за моите гревови; и се издигнал повторно, и ми дал нов живот во Него”.

Сега можеби ќе се прашаш, „што се случувало со Господ Исус Христос во меѓувремето од кога Тој бил распнат до кога Тој станал од гробот три дена подоцна?” Предвидувајќи го ваквото прашање, Бог го дал одговорот:

> *Што значи друго, освен дека исто така слегол во долните*

> *йредели на земјаша? Тој шшо слезе, шоа е Оној исшиош Кој се вознесе над сише небеса, за да исйолни сè* (Ефешаните 4:9,10).

Да, Библијата ни кажува дека пред да се вознесе на неботоа, Господ Исус Христос всушност се спуштил до долните предели. Тогаш, откако се спуштил до подолните предели, Тој се воздигнал кон Небесата водејќи ги светците од Стариот Завет (кои умреле верувајќи) во поворката на Неговата победа. Денес, секој вистински верник е среќно осигурен дека вратата на смртта е всушност порта кон славата. Да, Христос Самиот извојувал победа истовремено над физичката и духовната смрт во наша корист. Прекрасно!

> *О, смрш, каде ши е йобедаша? О, смрш, каде ши е осилошо? Осилошо на смршша е гревош, а силаша на гревош е законош. Но, фала Му на Бога, Кој ни даде йобеда йреку Нашиош Госйод Исус Хрисшос* (1 Коринќаните 15:55-57).

### *Смршша го йобедува Принцош на Смршша*

Причината поради која Бог се облекол со 'крв и месо' не била само да може да умре за твојот и мојот грев, но исто така и затоа: *ша со смршша да го обессили оној кој ја имаше власша над смршша, односно ѓаволош* (Евреите 2:14).

Како што Давид го искористил мечот на Голијат за да го убие зашеметениот Голијат, така Исус го зел оружјето на Сатаната − смртта и ја искористил за целосно да ја порази. Исус е вистински ослободител на човекот − на мажите и жените. Тој е Божји Избавител − Единствениот кој е во можност да ги ослободи луѓето од вечната смрт и духовното ропство. Ропството кое Сатаната го предвидел за секоја личност, како побуна против Бог кој го создал човештвото според Неговиот сопствен изглед.

Во Неговото човечко тело од вистинско месо и вистински коски Исус го поразил Сатаната, ја победил смртта и се издигнал од гробот. Потоа читаме за Неговото вознесување кон Небесата, *каде Исус влегол како йреѿходник за нас* (Евреите 6:20). За прв пат човек − невин, безгрешен, совршен Човек − влегол на Небесата. Поради Неговата смрт на крстот Тој го отворил патот за другите да го следат. Прекрасно!

### *ЗАВЕШТЕНИЕ НА ЉУБОВ*

Прекрасно е да се знае дека Господ Исус го разгазил патот кон

небото. Сега може да Го следиме во Неговата победа. Еднакво е прекрасно да се знае дека пред Неговата смрт, Исус, во љубов за Своите ветил дека по Неговото издигнување на Небесата Тој ќе им го испрати Светиот Дух на верниците на земјата.

На Неговите ученици Тој им изјавил:

> *Кој верува во Мене, како што е пишано во Писмото: 'од неговата внатрешност ќе потечат реки на жива вода'. Тоа го рече за Светиот Дух, Кого ќе Го примат оние кои веруваат во Него, зашто Светиот Дух уште не им беше даден, бидејќи Исус уште не беше прославен* (Јован 7:38,39).

> *А сега одам кај Оној Кој Ме прати... А Јас ќе Го молам Таткото, и Тој ќе ви даде друг Утешител... Духот на Вистината...подобро е за вас Јас да си заминам. Зашто ако не си заминам, Утешителот нема да дојде кај вас; ако пак заминам, ќе ви Го испратам... Тој ќе Ме прослави Мене* (Јован 16:5;14:16,17;16:7,14).

Веќе забележавме како Бог бил прославен со смртта на Неговиот Син. Сега може да прашаш друго прашање: „Како Исус може да биде прославен со испраќањето на Светиот Дух за тебе и за мене?"

Ова прашање е делумно одговорено преку фактот дека Исус е прославен во животот на секој верник низ кој тече љубовта Божја. Читаме: *Божјата љубов веќе е излеана во нашите срца преку Светиот Дух, Кој ни беше даден* (Римјаните 5:5). Божјата љубов – реализирана преку Светиот Дух – понатаму го надминува највозвишениот врв на човековата привлечност и приврзаност. Како преку верата со која ти одговараш на Неговата завршена работа на крстот, Господ Исус, во личноста на Светиот Дух, ќе започне да љуби други луѓе преку тебе. Чудесно!

Да се верува дека Христос умрел за твоите гревови, и потоа во твоето срце да се оддаде благодарност поради тоа, за тебе ќе значи да се ужива во личната сигурност во Божјото проштевање и љубов која спасува.

Да го направиш твојот живот достапен за востановеното присуство на Господ Исус Христос, за тебе значи да станеш средство за Неговата љубов во светот без љубов.

Германски теолог, познат по неговата ученост, еднаш бил запрашан: „Која е најдлабоката мисла за Бога?" Тој зачудувачки одговорил со зборовите на детската песна: **„Исус ме љуби; тоа го**

**знам, бидејќи Библијата така ми вели.”**
Да, Бог навистина ме љуби! И да, Бог НАВИСТИНА те љуби!

О, љубовта која го носи спасението,
О, милоста која е спуштена кон човека,
О, моќната провалија која Бог ја надмина,
На Голгота!

Милоста беше голема, а милоста бесплатна,
Проштевањето беше повеќекратно за мене,
Таму мојата обременета душа пронајде слобода,
На Голгота!

**Пауза за размислување**

1. Кој е најдобриот начин да докажеш дека сакаш некого?
Дали со тоа што го кажуваш?
Дали со тоа што го правиш?
2. Како Бог ти ја покажал Својата љубов?
3. Како ти ќе одговориш на Неговата љубов?

***Во електронската атмосфера во операционата сала, секој хирург учи да ги поистовети крвта со животот. Тие две се неразделни: ако изгубиш едно, ги губиш двете.***

***Д-р. Пол Бранд***

ГЛАВА

8

# Каде можам да најдам живот?

Набрзо се ближеше полноќ.

Исчекувајќи го осумнаесет-часовното досадно патување со воз, јас и мојата сопруга бевме со стотици сопатници на железничката станица Гар Сант Лазар во Париз. Ние сите трпеливо чекавме железничкиот службеник да го отвори преминот за преглед на картите и да ни дозволи да продолжиме кон нашиот воз.

Поголемиот дел од тие околу нас беа млади луѓе. Како што јас и Дороти се помешавме со нив, се чинеше дека секоја земја од Европа е претставена во толпата. Некои од момците и девојките се обидуваа да преспијат, користејќи ги нивните ранци како слаба замена за удобна перница. Додека тие се оптегнуваа на камените плочи, нивните другари стражареа и јадеа сендвич или пиеја вода од шише.

Додека чекавме, разговаравме и се смеевме со некои од овие млади луѓе. И покрај нивната младешка возбуденост, кога ја немаше нивната маска, повеќето од нив беа свесни дека сè уште не го имаат најдено замислениот „живот” по кој трагаа. За кратко време, нашиот разговор премина на Личноста која патуваше со мене и Дороти – Господ Исус Христос.

Додека разговаравме, некои од овие неуморни и авантуристички расположени млади луѓе се отворија и со нас ја поделија нивната желба да најдат „вистински” живот. Некои се надеваа дека тоа ќе биде во следниот град; некои мислеа дека можеби е во следното пријателство; некои бесрамно веруваа дека ќе си го прошират нивното животно искуство со следната доза на дрога или забава со алкохол. За некои од нив од голема грижа беше стравот да не се заразат со смртоносна болест.

Во зафрлените африкански села, оваа застрашувачка зараза ја викаа „болест на слабиот човек”. Во медицинскиот говор таа е дијагностицирана како ХИВ позитив. Кога е целосно развиена кај маж, жена, момче или девојче, позната е како СИДА. Страшната вест

од контактот со оваа болест е секогаш иста: брзо и крајно распаѓање! Ширум светот, луѓето знаат дека страшната несреќа на СИДА-та е „болест на крвта". Со оглед на тоа дека крвниот тек треба да биде река на животот која чисти, сега тој станал загадена река на смртта.

Морам сепак да признаам дека иако крвта е значаен тек кој дава живот, за мене глетката од крв секогаш била одбивна. Всушност, со цврста намера да ја надминам таа фобија, еднаш прифатив покана да следам хируршки зафат од кулата за надзор во една болница во Лондон. Како што скалпелот го направи резот на кожата на пациентот, јас повторно само што не се онесвестив. Мојот пријател доктор, кој забележа дека сум блед и облеан во пот, предложи да ја напуштам просторијата за надгледување. Не ми беше потребно понатамошно препотување!

Но, без разлика на тоа како личноста реагира на крв, животот и здравјето можат да и бидат вратени на личноста која имала сериозно крварење со трансфузија на крв. Денес, поради чудата на модерната наука, крвта земена од вените на здрав поединец може подоцна да се употреби како животен извор во вените на пациент кој е сериозно болен или е на умирање.

Многу одамна пред да започнат медицинските истражувања кои ги разјасниле чудата и тајните на крвта, Самиот Бог изјавил: *Зашто животот на телото е во крвта...* (Левит 17:11). Д-р. Пол Бренд накратко се сложил дека крвта ја содржи суштината на животот: „Во електронската атмосфера на операционата сала, секој хирург учи да ги поистовети крвта со животот. Тие две се неразделни: ако изгубиш едно, ги губиш двете".

Сепак, многу луѓе не се свесни дека, иако загадувањето на крвта со ХИВ инфекцијата е селективно во зависност на изложеноста, постои и друга „болест" која е универзална. Бидејќи Бог *од една крв ги создаде сите народи за да се населат по целата земја* (Дела 17:26); ова смртоносно загадување го ожалости целиот човечки род. Во Библијата, изворот го пронаоѓаме во Адам, прататкото на сите следни генерации.

Кога: *првиот човек, Адам,* (1 Коринќаните 15:45) згрешил, следните генерации, без оглед на бојата на кожата, местото на живеење или положбата во животот, потпаднале под смртна казна. Библијата јасно изјавува: *...во Адам сите умираат...* (1 Коринќаните 15:22). Да, како што со СИДА-та смртта се носи во телото преку заразена крв, исто така загадувањето предизвикано од грв се пренесува од генерација на генерација. Ако не било така, луѓето ќе оделе право на Небесата без да ја минуваат долината на

физички болести и смрт. Но случајот не е таков.

Благодарение на Бог, сепак, кога Исус бил роден, живототворен тек на крвта ѝ бил претставен на човековата раса. Тоа се случило вака. Ангелот Гаврил ѝ кажал на Марија дека ќе зачне и ќе роди син и дека Неговото име треба да биде Исус. Гаврил исто така ѝ објаснил на оваа чиста, немажена девица како ќе се случи нејзиното зачнување.

> *Светиот Дух ќе дојде на тебе и силата на Севишниот ќе те осени; затоа Светото дете кое ќе биде родено – ќе се нарече Божји Син* (Лука 1:35).

Чудото се случило кога семето на жената било оплодено со Семето на Светиот Дух. Во тој драматичен настан Животот Божји бил воведен во човековиот род. Потоа, како бебето започнало да расте во утробата на Марија, крвта циркулирала во ембрионот, Неговата скапоцена крв била чиста и незаразена. Да, крвта на Господ Исус била самиот Живот!*

Човечката крв е неверојатно сложена супстанција. Дури и денес, оние кои се вклучени во медицинските истражувања продолжуваат да откриваат сè повеќе за живототворните тајни на оваа чудесна течност. Со едноставни зборови кажано, некои од функциите на крвта во човековото тело може да се опишат како: чистење на телото, подршка на животот и спречување на болести. Чудесно колку што може да биде, е сознанието дека Бог овозможил за тебе и за мене пристап до сличен крвен тек, но сепак со далеку почудесни цели. И таа крв е тука за оние кои трагаат по „вистински” живот. За грешникот, крвта Исусова е Божјо средство за чистење од грев. За

* Во својата книга „Хемијата на крвта“ докторот М.Р. ДеХаан, цитира познати публикации од областа на физиологијата и акушерството, заклучувајќи: „Мајката го снабдува фетусот (неродено дете во развиток) со хранливите елементи за изградба на малото тело во таинственоста на утробата, но целата крв која се наоѓа во ембрионот е создадена внатре во самиот ембрион. Од времето на зачнувањето па се до раѓањето, ниту една капка крв не поминува од мајката до детето.“ Сепак коментирајќи го овој поглед, Др. Роберт Е Колеман во својата книга „Запишано во крвта“ вели: „Без да се обидам да го дискредитирам овој став (Ставот на ДеХаан е дека крвта во човековото тело е формирана во фетусот под влијание на спермата, и затоа нема директен контакт со телото на мајката), мислам дека е фер да се каже дека други доктори сериозно го поставуваат прашањето за валидноста на овој став. Сепак, без оглед на биолошкиот аспект на ова прашање, не гледам причина зошто тоа преставува проблем. Фактот дека Исус беше зачнат од Бог, го прекинува наследното пренесување на гревот, кога се разгледува Библискатата значајност на крвта на Исус.“

духовно мртвите, Неговата скапоцена крв преточува живот со големо 'Ж'. За духовно живите, крвта Исусова е Божјо средство за заштита од нападите на Сатаната. За оваа скапоцена крв читаме:

> *Знаејќи дека не сте откупени со распадливи нешта, како сребро или злато, од својот суетен живот што го имате наследено од вашите претци, туку со скапоцената крв на Христос како невино и чисто Јагне* (1 Петар 1:18,19).

## *Крвта: Нејзината Моќ на чистење*

Пред извесно време, весниците и медиумите известуваа за една лакома транспортна фирма која ги прекршила хигиенските стандарди. За да ја зголеми сопствената заработка, оваа фирма го користела резервоарот на превозните средства за превоз на отровни производи во еден правец и потоа, неофицијално, на враќање го користела истиот резервоар за превоз на течни прехрамбени производи. Исходот бил критично заболување на многу луѓе.

Сепак, во човековото тело, Бог создал чудесен транспортен систем со кој истовремено се носи храна до клетките и се чисти отпадот од нив. И поради совршеното Божјо создание, нема вкрстувачко загадување помеѓу крвните текови. Зачудувачки, ниту една клетка во човековото тело не е повеќе од ширината на влакно од крвен капилар. Ако отровните производи не се отстрануваат од овие клетки, неизбежно следи болест и смрт.

И токму тоа Бог го опишал кога Го објаснил Неговиот метод за отстранување на загадувачкото присуство на гревот од нашите животи. Таквото чистење е само преку скапоцената Крв Исусова: *ако пак одиме во светлина, како што е Тој Самиот во свелина, имаме општење еден со друг, и крвта на Неговиот Син Исус Христос нè чисти од секој грев* (1 Јован 1:7). Освен тоа, Бог рекол дека не постои друг начин нашите гревови да бидат простени, бидејќи без пролевање крв нема проштевање (Евреите 9:22).

## *Крвта: Нејзината живототворна моќ*

Друга функција на крвта е да ја носи потребната вода и храна низ телото за подршка на животот. Ако кртвта не успее да стигне до телесните клетки и ткива, тие телесни структури брзо изумираат. Затоа телото умира кога крвта прекинува да кружи. Очигледно, животот е во крвта.

Сфаќајќи го тоа, потсетени сме на зборовите на Господ Исус кои

толку ги вознемириле Неговите ученици кога Тој зборувал за Својата сопствена крв. Тој недвосмислено рекол:

> *Ако не го јадеше шелошо на Синош Човеков и не ја пиеше Неговаша крв, не ќе имаше живош во себе. Кој го јаде Моешо шело и ја пие мојаша крв има вечен живош; и Јас ќе воскреснам во последниош ден. Зашшо Моешо шело е висшинска храна, и мојаша крв – висшинска пишивка* (Јован 6:53-55).

Сепак, Исус продолжил со разјаснување на Неговото вистинско значење. Тој рекол: *...кој јаде од Моешо шело и пие од Мојаша крв осшанува во Мене и Јас во него* (Јован 6:56). Каква радост е да се разбере вистинскиот извор на духовниот живот! Исусовата крв била пролеана за да ги искупи грешниците од нивниот грев. И поради пролевањето на Неговата крв ние можеме сега да учествуваме во животот кој Тој го делел. Господ Исус го објаснил вистинското значење за пиењето на Неговата Крв, кога Тој рекол – 'Јас во него'! Чудесно!

Имајќи го личното искуство за воскреснувачката моќ на Христовото присуство, верниците можат победоносно да изјават: „воскреснатиот Христос сега живее во мене!" за таквите луѓе, учеството на леб и вино во причеста е едноставно и симболично дело на благодарност и сведоштво. Прекрасно!**

Проникнувачката живототворна моќ на скапоцената Исусова крв е на чудесен начин пренесена до животот на верникот, кога тој се раѓа, со моќта на Светиот Дух од Небото. Да, основно за потрагата по живот на секој човек е потребата од живототворна 'Крвна инфузија'.

### *Крваша: Нејзинаша зашшишна моќ*

Постои сепак уште една чудесна функција на човековата крв. Не само што крвта го дава и го чисти животот, но таа исто така и го заштитува.

Страв се прошири низ светот кога беше откриена бубонската чума во Индија. Интерконтиненталните авиони изработени во таа земја беа прскани со дезинфективни средства и, во некои случаи, патниците беа привремено ставани во карантин за медицински прегледи. За да се спречи ширењето на убиствената болест во другите земји, беше воведена привремена забрана за сите следни летови кои ја напуштаат Индија.

---

** За жал, милиони луѓе упорно веруваат дека лебот и виното кои се раздаваат на некои „причести" буквално стануваат самото тело и крв на Хрисотс. Она што нашиот Господ намеравше да се сфати како симбол на Неговото постојано присуство е сфатен како буквален и физички факт.

Дури и без заканата на бубонската чума, човечкото тело секогаш е под постојани напади на бактерии непознати и опасни по живот. Но крвта има чудесен одбрамбен механизам. Таа во својот тек носи одбранбени противотрови и други специфични материи кои го бранат системот од бактериски напад. Кога ќе се случи таков напад бројот на белите крвни клетки (присутни првично за одбранбени цели) расте драматично и тие се вклучуваат во одбрана.

Колку прекрасно е да се знае дека крвта на Господ Исус Христос, исто како чудесната моќ на човечката крв, служи за заштита на животот. Крвта на Исус Христос е таа која го штити верникот од постојаните напади на Сатанските сили. Во пророштвото за последната борба помеѓу Сатаната и Божјите луѓе, читаме: *А тие го победија заради крвта на Јагнето и заради словото на своето сведоштво, и не зажалија да го дадат и својот живот* (Откровение 12:11). Може да го надминеш лажното умилкување на ѓаволот преку заштитничката моќ на скапоцената Исусова крв.

Оваа победа на Исус во однос на Сатаната е веднаш проречена по ѓаволовото заведување на Адам и Ева. Тогаш, Господ Бог ветил дека семето на жена ќе предизвика негова пропаст. *Јас ќе поставам непријателство... помеѓу твоето семе и нејзиното Семе; Тој ќе ти ја сотрува главата, а ти ќе Му ја сотруваш петицата* (Битие 3:15). Семето на жената ќе ја здроби главата на Сатаната, но не пред змијата да ја дофати петицата на Месијата со своите отровни заби. Да, тоа бил токму Господ Исус Христос, семето на жената, кој ја пролеал Неговата скапоцена Крв за да:

> *Со смртта го обессили оној кој ја имаше власта над смртта, односно ѓаволот* (Евреите 2:14).

За разлика од студентите, трагачи по илузии, кои ги сретнавме на станицата Гар Сант Лазар во Париз, многу други го имаа откриено изворот на вистинскиот живот. Пред некое време, јас и Дороти се сретнавме со стотици Угандијци кои беа уверени дека го пронашле вистинскиот живот. Во скапоцената крв на Господ Исус Христос тие откриле моќ која го чисти срцето, дава живот и му се опира на ѓаволот. Тие навистина можеа да просведочат дека, за нив, старите работи се далеку и дека сѐ е ново.

Иако беше во спротивност со советите на службениците во Амбасадата на Кенија, кои нѐ предупредија за постоечката опасност, јас и мојата сопруга, потикнати од Божјиот Дух, заминавме за Уганда. Бог го испланирал времето за продолжениот семинар на

пасторите од Уганда и нивните сопруги. А подоцна сфативме дека тој го имал однапред планирано и нашиот лет за назад. (Се случи така да нашиот лет беше со последниот авион кој го напушти Ентеб пред следниот воен удар.)

Веднаш со нашето пристигнување на аеродромот, почувствувавме напнатост и страв во атмосферата. Несреденоста и нечистотијата со кои се соочивме не можат да се опишат. Еден од неколкуте автомобили во регионот ни беше достапен за возење од аеродромот на пат кој беше издупчен со дупки од бомби. По изминато кратко растојание бевме заробени и држени на нишан од некои војници. Не знаевме дали тие се владина војска, војници против владата или само разбојници облечени во војничка униформа. Забележително беше што тие набрзо го препознаа нашиот возач како припадник на нивното племе, па против своја волја ни дозволија да минеме без да бидеме ограбени или повредени на било каков начин.

По пристигнувањето, јас и мојата сопруга откривме дека собирното место за нашите семинари е премногу темна и нечиста градба во центарот на заедницата. Сепак кога пасторите и нивните жени пристигнаа, ние наскоро заборавивме на тоа опкружување. Тоа беше Самиот Бог кој нѐ удостои со сознание за Неговата слава и Неговото присуство. Овие средби во Уганда ќе бидат засекогаш врежани во нашето сеќавање како врвно искуство на нашата средба со Живиот Бог.

Со восхитувачко внимание, пасторите и нивните жени седеа на неудобните клупи по осум часа дневно за да нѐ слушаат мене и Дороти, додека ја споделувавме Божјата вистина од Библијата. Додека јас ги подучував, мојата сопруга го запишуваше на таблата во кратки црти тоа што јас го кажував, со цел да им помогне на слушателите да фаќаат прибелешки на зачуваните парчиња хартија. Одненадеж, се создаде метеж пред вратата. Еден од пијаните мажи со неговата пушка се задржа на влезот, но неговиот другар си го истурка патот низ толпата, замавнувајќи со својата пушка додека не ја насочи кон срцето на Дороти.

„Да се помолиме сите за овој драг човек да го спознае Исус," рече таа тивко.

По неколку мига, кои мене ми се чинеа како вечност, мојот преведувач се заврте кон мене потполно зачуден: „Не можам да верувам што рече пијаниот војник – тој само што кажа ‘Сакам да го запознаам Богот на оваа жена’".

Дури и додека преведувачот зборуваше, видов глетка која никогаш нема да ја заборавам. Која и да била причината – дали ангел го присили натрапникот да падне на колена, дали страшното чувство

на Божјата светост и моќ кое преовладуваше на нашите средби беше премногу силно за пијаниот војник, или дали беше само доброволен чин на понизност кој го потикнал да се отвори и да ја изрази длабоката потреба на неговото срце – јас не знам. Само знам дека во тој скапоцен миг наполнетата пушка полека се лизна надоле и тогаш орудието, наменето за уништување, падна на земја како што војникот падна на колена.

Не беше момент за добро смислена поука на крајот од средбата. И Дороти го знаеше тоа. „Повторувај ја оваа молитва по мене," рече таа. Тогаш, чекор по чекор таа ја водеше кутрата заведена и сиромашна душа до подножјето на крстот – до Спасителот на грешните луѓе – каде се наоѓа изворот на севкупната вистина преку Исусовата крв.

Зошто ти го кажувам ова искуство сега? Едноставно поради тоа што се случи на таа незаборавна средба.

На нашиот собир имаше многу луѓе кои можеби имаа секаква причина да се плашат и дури да го мразат натрапникот кој влезе на толку насилен начин. Имаше и такви меѓу нас чии животи наеднаш беа доведени во опасност. Така на еден присутен пастор прстот му беше разнесен од војник при неуспешен обид да го убие. Но бидејќи тие го знаеја и љубеа Господ Исус на личен начин, токму тие луѓе се собраа околу него да го прегрнат и да се молат за нивниот нов брат при Христос.

Тогаш, без никаква музичка придружба, но во позната африканска хармонија, тие експлозивно започнаа да пеат. Моето срце е сè уште исполнето со стравопочит кога се сеќавам на зборовите кои тие ги пееја:

Ох, Крвта Исусова,
Ох, Крвта Исусова,
Ох, Крвта Исусова,
Ме чисти од грев.

Само ако нашите светски водачи беа со нас на тој ден, сигурно ќе беа сведоци на Божјото единствено решение за меѓуплеменските, меѓурасните и меѓународните судири:

> *И преку Него да измири со Себе сè што е на земјата или на небото, творејќи мир преку крвта на Неговиот крст (Колошаните 1:20)... И вие, иако некогаш бевте отуѓени и непријатели во своето мислење и во злите дела, сега Тој ве измири...* (Колошаните 1:21,22).

Да, само оние кои се доведени во добар однос со Бог, *„преку Неговата (Христовата) крв, преку Него многу повеќе ќе бидеме спасени од Божјиот гнев... многу повеќе, сега помирени, ќе бидеме спасени преку Неговиот живот”* (Римјаните 5:9,10).

**Пауза за размислување**

1. Дали навистина посакаш „живот” со големо „Ж”? Тоа е животот кој Господ Исус го опиша кога кажа: „Јас дојдов да имаат живот и тоа да го имаат во изобилие” (Јован 10:10)
2. Според Библијата, каде се наоѓа животот во човечкото тело? (прочитај Левит 17:11)
3. Кое е вечната улогата на крвта на Господ Исус?
   Дали веруваш во нејзината моќ да очистува?
   Дали веруваш во нејзината сила да дава живот?
   Дали веруваш во нејзината моќ да заштити?
   Господ Исус рече: *„Јас Сум Воскресението и Животот; оној што верува во Мене, и да умре – ќе живее. И секој, кој живее и верува во мене, нема да умре довека.”* (Јован 11:25,26)

***Совршеноста на уметничката слика,
блескавоста на човековото лице,
раскошот на пејсажот – сигурно не можат
да бидат соодветно опишани со звук.
Видот е неопходен.***

ГЛАВА

9

# Како да станам дел од Божјото семејство?

Во текот на раните 40-ти години, медицинската наука направи голем напредок во полето на очната хирургија. Толку многу напредна, всушност, што било возможно да се пресади здрава рожница од очите на туку што починат човек во очите на слеп човек. Д-р. Сангстер раскажува за неговото сведоштво на резултати од првото успешно пресадување на рожница.

Пред изгрејсонце, Д-р Сангстер придружувал двајца луѓе кон прекрасниот Сурej Доун во Англија. Еден од нив била една госпоѓа која била родена слепа; другиот бил нејзиниот очен хирург. Слоеви од завои ги штителе очите на пациентката од било каква светлина во деновите кои следеле по операцијата. Постепено тие биле отстранувани еден по еден. Таа веќе станала свесна за чувството на светлина и била многу возбудена. И тогаш, пред изгрејсонце, последниот останат завој бил тргнат од очите на госпоѓата која никогаш не гледала.

Тој ден изгрејсонцето не можело да биде повеличенствено додека утринското сонце се наsирало над хоризонтот. Сенките станувале се пократки и зелените листови се оцртувале во нивната деликатна убавина во позадината на утринскиот сјај. Птиците вредно потскокнувале низ наросената ледина во потрага по нивниот појадок. Целокупната слика претставувала извонредна забава за госпоѓата која за прв пат во нејзиниот живот можела да гледа. Со солзи кои и се тркалале по образите, таа извикнала: „Ох, ти се обиде да ми го опишеш сето ова, но јас никогаш не замислував дека нешто може да биде толку прекрасно!” Таа потоа седнала со тивок стравопочит кон убавината на Божјото создание.

Како би му ја опишеш црвената боја некому кој никогаш не гледал? Или драмата на зајдисонцето на лице чии очи никогаш не реагирале на светлина? Сигурно би било невозможно. Зборовите кои ја опишуваат видливата убавина имаат мало значење кога ќе дојдат до увото на слушател кој нема визуелна замисла во тој поглед.

Совршеноста на уметничката слика, блескавоста на човековото лице, раскошот на пејсажот – сигурно не можат да бидат соодветно опишани со звук. Видот е неопходен.

Со истата тешкотија се судира и верникот кога се обидува да му ја пренесе духовната убавина на неверник. Еднаш додека разговарав со еден студент по медицина, кој го подготвуваше својот последен испит во болницата „Гај" во Лондон, се обидов да му го објаснам чудото на Божјата љубов. „Едноставно не можам да ја видам," одговори тој. Разбрав, но го продолжив разговорот понатаму: „Не, јас не се сомневам дека не можеш, бидејќи си како човек кој живее во темна соба. Знам како е тоа; и самиот живеев во духовен мрак, но сега сум надвор каде сонцето на Божјата љубов свети. Давид," реков, „ако некогаш сакаш да ја разбереш љубовта Божја, мора да излезеш од мрачната соба и да влезеш во Неговата светлина." Тој ден Давид падна на колена молејќи го Господ Исус да му го прости гревот и да влезе во неговиот живот. Никогаш нема да заборавам што рече тој додека стануваше: „Јас никогаш не мислев дека може да биде вака прекрасно!"

Како што само физичкиот вид ја пренесува убавината на Божјото создание до човековото искуство, така духовниот вид ја пренесува вистината за Божјото присуство, моќ и љубов до човечката душа.

Откако Тој, Господ Исус, се искачил на Небесата, зборувајќи преку Апостолот Јован, дал зачудувачка дијагноза во однос на духовната состојба на луѓето во градот Лаодикеја. Тој им рекол: *Ти...не знаеш дека си...слеп* (Откровение 3:17). Можеш ли да замислиш слеп човек кој не е свесна за својата жална состојба? По дијагнозата на духовно слепило, Господ Исус продолжил со препишување на Неговиот лек. *Очна маст, за да ги намачкаш своите очи, па да можеш да гледаш* (Откровение 3:18). И колку значаен е тој препишан лек! Духовното слепило бара духовно – очна хирургија, која е дело на Светиот Дух.

Кога прв пат си бил роден тоа било физичко раѓање. Но тоа не ти дало духовен вид и разбирање. Ако сакаш да го најдеш излезот од духовната темнина и ...да ги осветли со познавањето на Божјата слава (2 Коринќаните 4:6), треба да бидеш родени повторно. Исус му рекол на Никодим:

> *Роденото од тело, тело е, а роденото од Дух, дух е. Не чуди се што ти реков, 'Треба да се родите озгора'* (Јован 3:6,7), *...ако некој не се роди озгора, тој не може да го види Божјото царство* (Јован 3:3).

Така ако сакаш да го видиш царството Божјо, треба да се родиш повторно.

Како и секое друго човечко суштество, роден си со празнина создадена од Бог која бара да биде исполнета. Таа духовна празнина може да биде исполнета само со присуството на Воскреснатиот Христос. Кога ќе го примиш во твојот живот како свој Спасител, целта и потребата од Неговата смрт ќе биде неопходна за плодотворноста на твојот живот. Тој не умрел само за да ги прости твоите гревови; Тој умре за да го прочисти твоето срце и од него да направи духовно чисто престојувалиште. Неопходно е твоите гревови да ти бидат простени пред да може Тој да дојде и да живее во твоето срце.

Додека разговарав со еден млад африкански верник, станав свесен за неговота силна грижа за да ја сподели Радосната вести за Христос со младите луѓе од неговата земја. Следната недела требаше да подучувам од Библијата пред близу 200 пастори, па го повикав и него да ни се придружи. Иако бевме неколку стотици километри одалечени од местото каде пасторите требаше да се соберат, јас му предложив да патува со автобус преку долгиот, нерамен пат за да се сретне со нас. Вилијам пристигна малаксан и уморен, но многу среќен што ќе биде во можност да научи повеќе за Господ и Неговото Слово. Вилијам не патуваше во преполниот африкански автобус само за да се провози! Тоа патување со автобусот беше очигледно негов начин да дојде на состанокот. Неговата вистинска цел го чекаше на крајот од неговото патување.

Слично на тоа, Господ Исус знаел дека единствениот начин за Тој некогаш да навлезе во твојот живот со цел да се спријатели со тебе и ти со Него, за Него значи да изнајди начин твоето срце да биде исчистено од грев. Иако проштевањето на твоите гревови е неопходно, твојот нов живот во Христос и твојата можност за дружење со Бога се Негова крајна желба за тебе. Можеш ли да се задоволиш со нешто помалку од тоа? Најпосле, таа лична поврзаност со Христос е и самата цел за која си создаден.

Да знаеш дека Христос живее во твоето срце значи дека си свесен тука и сега дека вечниот живот веќе започнал. Христовото присуство го носи Неговиот живот во твојот живот.

> *А еве го сведоштвото: Бог ни даде вечен живот, и тој живот е во Неговиот Син. Кој Го има Синот, го има тој живот; кој Го нема Божјиот Син, го нема тој живот.* (Јован 5:11-12).

Поради тоа, не е изненадувачки дека откако мојот пријател Давид побарал од Господ Исус да му Го прости неговиот грев и да велезе

во неговиот живот, тој извикал: „Никогаш не помислив дека може да биде толку прекрасно!"

### *Но како?*

Кога луѓето го слушнале Петар како проповеда за животот, смртта и воскреснувањето на Исус, Бог им дал желба да го спознаат Спасителот. Светиот Дух го сторил за нив тоа што Тој го прави и за тебе. Тие го слушале Петар кој им кажал дека Исус е Господ ('Кириос'-Јахве) и Месија Божји. И тоа ново сфаќање за тоа кој е Исус, предизвикало во нив чувство на уверување за нивната потреба за спасение. Како што размислувале за нивното одбивање, или рамнодушност кон Распнатиот – кон Самиот Спасител – записот вели дека биле засегнати во срцето, и сериозно запрашале, '*шѿо да ѿравиме?*' (Дела 2:37).

Првиот одговор на Петар за нив бил поттикнување на покајание. Без покајание, верата не е вистинска вера; таа е само 'привидение' или 'фантазија'. Верата која спасува вклучува истовремено став на доверба и промена на ставот.

Кога со едноставна доверба ќе му се заблагодариш на Исус за тоа што го сторил кога Тој умрел на крстот, твојот став кон Господ и кон гревот минуваат низ драматична промена. Само тогаш Светиот Дух ја спроведува Неговата духовна очна операција и твојот ум започнува да гледа на работите од различна перспектива. Всушност, значењето на зборот покајание е „промена на умот". Така вистинското искуство на новораѓање вклучува основни промени на умот во поглед на Бог и гревот.

**Во поглед на Бог:** Покајанието (промена на умот) отфрла секаков лажен приказ на Бог. Сум видел луѓе во Африка кои, силно се бореа со привлечната сила на нивните стари навики и пагански обичаи, но отворено ги изгореа своите амајлии и идоли откако се обратија кон Исус. Исто така имам пријатели кои мораа да му одолеат на големиот општествен притисок, дури соочувајќи се со закани и опасност, кога тие се одвратија од религиозни или општествени системи кои не беа вистинити пред Бог од Библијата. Зачувувањето на верата мора да биде вкоренето во цврстото убедување дека Исус е Јахве – единствениот Бог Спасител.

**Во поглед на гревот:** Кога со вера влегуваш во твоето искуство на спасение, ќе ја препознаеш твојата сопствена грешност со тага и засраменост. Твојата промена на умот (покајание) во однос на гревот ќе значи дека повеќе нема да се обидуваш да го игнорираш твојот грев; повеќе нема да се обидуваш да го оправдаш својот грев; и

повеќе нема да се надеваш дека твојата праведност ќе те спаси. Човековите праведни дела се како извалкани облеки пред Светиот Бог (Исаија 64:6). Но кога ќе се свртиш кон Исус, ќе имаш желба да ги оттурнеш од твојот живот оние работи, кои Тој не ги сака.

Замисли армиски десетар како ја напушта својата касарна. Еден ден тој добива две писма. Едно е од пријател: другото е од неговиот Офицер. Во првото е свадбена покана од неговиот пријател, но во другото е наредба од неговиот претпоставен да одговори на обврската. Секако постои разлика помеѓу покана и наредба. Поканата може да се одбие на убав начин, но на наредба може да се одговори или со послушност или со побуна.

Бидејќи Господ те љуби и знае дека гревот ќе ти го уништи животот, Тој не те повикува на покајание; Тој ти наредува да се покаеш. Како што Павле го завршил своето претставување на евангелието на филозофите и присутните на универзитетскиот центар во Грција, тој рекол: *„Бог сега им заповеда на луѓето да се покајат сите и насекаде"* (Дела 17:30). „Сите" те вклучува и тебе.

Чудото е во тоа што кога ќе се одвратиш од своето погрешно сфаќање за Бог и исто така ќе се одвратиш од својот личен грев, со вера свртувајќи се кон Исус, прогласувајќи го Него за свој Спасител и Господ, Светиот дух ќе делува во твоето срце истовремено да сакаш и да дејствуваш (Филипјаните 2:13) како што е правилно во очите на Бог. Според тоа, Господ им ветува на оние, кои сакаат да се покајат, истовремено желба да го сторат тоа и моќ да ја спроведат Божјата волја. Само тогаш твојот живот ќе биде изменет и ќе ги достигне неговите од Бога одредени можности.

Како пријател, јас те поттикнувам да го прифатиш Господ Исус Христос без одложување. Најди мирно место каде ќе можеш да се поклониш пред Бог во молитва. Секако, ако како папагал само повторуваш зборови, тие нема ништо да сторат за тебе. Важна работа е со вера да се обратиш кон Исус, кој рекол: *Јас сум Патот, Вистината и Животот. Никој не доаѓа кај Таткото, освен преку Мене* (Јован 14:6).

Сега можеби ќе посакаш да ги затвориш очите и да се помолиш спонтано реагирајќи од срце, или може да ја искористиш предложената молитва како помош.

### *Мојот молитвен одговор*

**Ох, Господе, јас не Те познавав Тебе и ниту Те љубев. Но Ти благодарам што Ти и ме познаваше и ме љубеше.**

**Јас сум грешник, и јас самиот не можам ништо да сторам за да**

**го заслужам моето спасение. Со вера сега Ти се обраќам Тебе, Господе Исусе, и молам за Твојата прошка! Признавам дека сум грешник и се кајам за мојот грев. Ти благодарам, Господе Исусе, што умре за мене и што ми нудиш прочистувачка и живототворна моќ од Твојата скапоцена крв. Со вера сега го ставам мојот живот под заштита на таа скапоцена крв.**

**Те молам дојди во моето срце, Господе Исусе, и превземи контрола на мојот живот.**

**Ти благодарам, Господе Исусе, што преку Твојот Свет Дух јас бев нановороден. Прекрасно е за мене да знам дека со Твојата моќ на воскресението јас сум дете Божје и ќе живеам со Тебе засекогаш!**

> *И кој верува во Него...(верува и се потпира на Него), нема (никогаш да се разочара или) да се засрами* (1 Петар 2:6; Амп).

Сега, кажи некому за тоа што го стори. Запомни Христос живее во тебе, и Тој е сета сила која ти е потребна за да можеш да зборуваш и да живееш за Него:

> *Ако со твојата уста исповедаш дека Исус е Господ и ако во твоето срцеповеруваш дека Бог Го воскреснал од мртвите, ќе бидеш спасен. Зашто со срцето се верува за праведност, а со устата се исповедува за спасение* (Римјаните 10:9-10).

**Пауза за размислување**

1. На кој начин можеш да искажеш благодарност за дар даден великодушно? Тоа е со: „те молам дај ми го” или со „фала”
2. Што ти дава сигурност дека си дете Божјо? Твоите чувства или твојата вера? *Зошто по благодат сте спасени, преку вера, и тоа не е од вас самите – тоа е Божји дар.* (Ефешаните 2:8)
3. Дали твојата вера во Исус Христос вклучува:
   Елементи на покајание?
   Елементи на благодарност?
   Елементи на зависност од Него?
4. Дали ќе Му се заблагодариш на Бог за тоа што те спаси, и ќе Го славиш Господ Исус, не само за тоа што сторил туку и поради тоа што Тој е?

***Нема ништо – никаква околност, никаква неволја, никакво испитување – кое може да допре до мене, а пред тоа да не поминало покрај Бог и поминало покрај Христос, точно до мене. Ако и дошло, тогаш сигурно е со голема цел, која можеби јас не ја разбирам во тој момент. Но одбивајќи да станам паничар, кревајќи ги очите кон Неговите и прифаќајќи го тоа како да доаѓа од Божјиот престол со некоја голема цел за благослов на моето срце, ниту една тага нема да ме вознемири, ниту едно испитување нема да ме разоружа, ниту една околност нема да ме загрижи – бидејќи јас ќе почивам во радост за тоа што мојот Господ е. Тоа е победата на верата!***

***Алан Редпат***

ГЛАВА

# 10

# *Што е следното?*

Спасението е сосема бесплатно! Нема ништо што некој треба да направи за да го заработи. Господ Исус го прави сето тоа.

Како што искрено се молеше според приложената молитва (или некоја слична на неа), твојата вера во Христос те направи вистинско дете Божјо.

*А на сите што Го примија, им даде власт да станат Божји деца – на оние кои веруваат во Неговото име* (Јован 1:12).

Најверојатно сега ќе прашаш: „Што е следно?”

Токму пред Исус да ги напушти Своите ученици, на Неговата мисија да ја победи смртта и потоа да се врати на Небото, Тој рекол: *Останете во Мене, и Јас во вас* (Јован 15:4). Со овие зборови, Господ Исус ја објаснил суштината на Христијанското живеење. Од Божја гледна точка, верникот останува во Неговиот Син – за таму да биде чуван и заштитуван до безбедното пристигнување на Небесата. Сепак, од човечката перспектива, бидејќи воскреснатиот Господ исто така останува во вистинските верници, нивното семејство, пријателите и соработниците ќе бидат запознаени со квалитетот на животот, кој може да се објасни само во услови на востановениот Христос.

Замисли метална маша во оган. Кога ја гледаш, може да кажеш: „машата е во огнот”, но ако подобро погледнете ќе забележите дека и самата маша е вжарена и би било сосема точно ако исто така кажете и: „огнот е во машата!” Или, слично на тоа, замислете чаша потопена во кофа вода. Чашата е во водата, но и водата е исто така во чашата!

Кога си нановороден, Светиот Дух всушност те крстил (потопил) во телото на Христос.

Сега Библијата те уверува дека: *твојот живот е скриен со Христос*

*во Бог* (Колошаните 3:3). Да, бидејќи си нановородени, сега си во Христос. Чудесно! Исто така, кога си нановороден, животот на воскреснатиот Христос со моќта на Светиот Дух станал лична и величенствена реалност. Сега, може да се радуваш дека *Христос е во тебе, надежта на славата...* (Колошаните 1:27). И да, бидејќи си нановороден, воскреснатиот Христос сега живее во тебе. Прекрасно!

Сега да продолжиме понатаму земајќи во предвид тоа што Библијата всушност го кажува за ослободителното дејство на оваа двојна вистина – Јас сум во Христос и Христос е во мене.

### *Јас сум во Христос*

> *Зашто ние сите сме крстени преку еден Дух, во едно тело...* (1 Коринќаните 12:13).
>
> *Или дали знаеш дека сите ние кои сме крстени во Христос Исус, сме биле крстени во Неговата смрт? Затоа сме биле погребани заедно со Него, преку крштевањето во смртта, та како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Таткото, така и ние да одиме во нов живот* (Римјаните 6:3,4).
>
> *Зашто умревте и вашиот живот е скриен со Христос во Бог!* (Колошаните 3:3)

Пред неколку години знаев едно момче кое имаше леукемија. Тогаш имаше само седум години, и мораше да оди на доктор секои три месеци за да прими инекција во ‘рбетот. При една посета докторот го запрашал Дарил зашто тој не плаче како сите други момчиња и девојчиња кога иглата продира во неговата кичма. „Зарем не те боли?" запрашал докторот. „Ох да, боли," одговорил Дарил, „но, докторе, вие не разбирате; иглата минува низ контрола на Христос, пред да ме допре мене." Прекрасно е да се знае дека бидејќи сега си во Христос, Тој е одговорен да контролира се што го проверува или допира твојот живот! Тоа е вера!

Како што го прими Господ Исус со вера, така според истиот принцип на вера ти е овозможено да се потпреш на доволноста од Господ Исус Христос, за да се справиш со секое барање на животот. Со други зборови, твојот почетен чин на вера ти ја отвара вратата на прилагодување кон постојаниот став на вера. *Како што Го примивте Христос Исус, Господ, така и да живеете со Него* (Колошаните 2:6).

Иако си нановороден, Господ не очекува од тебе да го имитираш животот на Христос. Милиони христијани биле целосно исфрустрирани во нивните обиди да го прават тоа и секогаш биле безуспешни. Но Господ ни кажува за Неговата прекрасна одредба за нашите христијански животи. Ние веќе сме умреле во Исус. И со тоа што сме биле мртви во Христос, ние сме мртви за сите барања и осуди на законот. Затоа, како и во минатото, така и сега и во иднина, ние сме мртви за секоја надеж дека со сопствен напор ќе ги задоволиме барањата на законот. Да, ние сме мртви за секој траг на доверба во самостојно живеење на духовниот живот. Но, слава на Бог, ние сме живи поради заштитата на воскреснатиот Господ Исус Христос!

Проблемот произлегува кога ние самите се обидуваме да управуваме со сите искушенија и притисоци на животот. Новиот верник ќе открие дека тој е исто така немоќен да го живее христијанскиот живот по неговото новораѓање, како што бил и претходно. Предупредувајќи на оваа склоност, Господ Исус Христос јасно рекол: *...зашто без Мене не можете да сторите ништо* (Јован 15:5).

Всушност, зборувајќи за лудоста на замислата за самопостигнувањето, Апостолот Павле всушност им зборува остро на верниците во регионот на Галатија. За да го поправи нивното одвраќање од Божјиот принцип да се живее со вера и само со вера, Павле поставил реторичко прашање кое било смислено самото да води до очигледен одговор:

> *Сакам само ова да го дознам од вас: дали Го примивте Духот врз основа на делата на Законот или преку слушањето со вера? Толку ли сте неразумни? Почнавте со Духот, и зарем сега совршени станавте преку телото?* (Послание до Галатите 3:2-3).
>
> Секако тие го започнуваат својот нов живот во Христос исто како тебе, преку вера. И само преку таа вера, тие може да се надеваат дека: *ќе царуваат во животот преку Единствениот, Исус Христос* (Римјаните 5:17).

Во Галатија, виталноста на верата за жал била заменета со неплодноста на законското самопостигнување. Но, благодарение на Бога, ако продолжиш да живееш зависејќи од твојот новооткриен Господ, таа жална состојба на работите која постоела во Галатија не би требало никогаш да биде твое искуство.

### *Христос живее во мене*

> *Со Христос бев распнат; и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене...* (Галатите 2:20).
>
> *А ако е Христос во тебе, тогаш телото е мртво заради гревот, а духот е жив заради праведноста. Ако во вас живее Духот на Оној Кој Го воскресна Христос Исус, ќе ги оживее и вашите смртни тела преку Својот Дух Кој живее во вас* (Римјаните 8:10-11).
>
> *На кого Бог сакаше да им објави што е богатството на славата на оваа тајна меѓу неевреите, која е Христос во вас, надежта на славата* (Колошаните 1:27).
>
> *Та преку твојата вера Христос да живее во вашите срца...* (Ефешаните 3:17).

Може да ја изразиш твојата вера која зависи од Христовиот воскреснат живот, кажувајќи: „Ти благодарам, Господе Исусе; Ти си сѐ што не сум јас. Ти дозволувам да бидеш и во мене и околу мене." Зачудувачката стварност на твојот христијански живот е дека Господ ја префрлил одговорноста за твојот успех на некој друг – на Господ Исус Христос! Исус е единствениот соодветен за да ги пресретне искушенијата и можностите на твојот живот со кои сигурно ќе се соочиш. Можно е за да бидеш „теолог" без Христос, можно е да бидеш „проповедник" без Христос, можно е да бидеш „мисионер" без Христос; но невозможно е да бидеш христијанин ако Христос не живее во твоето срце.

Исус е единствената Личност која навистина може да живее христијански живот. Сега Тој, преку тебе и за тебе, може да стори сѐ што ти не би можел да сториш сам. Тој кој е чист е твоја чистота во светот на бесмртноста; Тој кој е Победа е твоја победа во светот на искушенијата; Тој кој е љубов е твоја љубов во светот на потрагата по себеси. Навистина, Тој кој е воскреснувањето и животот сега е твојот вистински христијански живот.

Како што понизно ќе го направиш твојот живот достапен за Господ Исус, кој дојде да го бара и да го спаси загубеното (Лука 19:10), сега може исто така да Му веруваш дека ќе ги бара и спаси изгубените души преку тебе! Животот станува навистина возбудлив кога верниците ќе откријат дека се само премин за Неговиот живот кон другите луѓе.

Запомни – иако Исус се вратил на Небесата – Тој секако не те оставил. Кога ги напуштал своите ученици на земјата, Тој им рекол:

> *Уште малку и светот веќе нема да Ме гледа, а вие ќе Ме гледате; затоа што Јас живеам и вие ќе живеете. Во оној ден ќе знаете дека Јас Сум во Мојот Татко, а вие во Мене и Јас во вас* (Јован 14:19-20).

Сега можеби ќе прашаш, „Како може сите ресурси кои Господ ми ги дал во Христос да станат реални и практични во мојот живот?" Тоа е добро прашање. Тоа го препознава широкиот јаз помеѓу вера која е умствена и вера која е искуствена. Прашањето исто така го изразува твоето длабоко посакување на вера која делува. Едноставниот одговор е дека победничкиот живот на Христос е остварен преку верниците како одговор на благодарност. Вистинската вера секогаш вели, „Ти благодарам".

На пример, најдобар начин да ја изразиш твојата вера која спасува во Христос е да Му се заблагодариш за тоа што твоите гревови се простени. Сега, исто така може да Му се заблагодариш за вистината дека Тој ќе стане она што ти треба во мигот кога ти е потребно. *Без вера, не е можно да Му се угоди [на Бога]* (Евреите 1:6). Ако посакувате да Му угодите, живејте го вашиот живот на вера со постојана благодарност кон Господ Исус за Неговата доволност во сите работи.

Кога Петар им пишувал на Христијаните кои поради нивната преданост кон Господ Исус Христос страдале во прогонство, тој поттикнувал: Прославувајте Го [одвојте Го; величете Го; *дајте Му целосно владение] во своите срца Исус како Господ...* (1 Петар 3:15). Тука лежи Божјата откриена тајна за тоа како да се бориш кога се соочуваш со прогонување заради твојата вера. Биди сигурни дека Исус е Господар на твојот живот.

Може да се потсетиш дека едно од имињата за Господ во Стариот Завет е Адонај. Адонај значи Господар во смисол на позиција на Владетел. Тоа е сфаќањето на Господ Бог како мој Владетел, кое го употребил Петар советувајќи ги верниците со кажувањето: прославувајте Го Христос како Господар во вашите срца.

Доколку Господ Исус е владетел на твојот живот, ти ќе уживаш во Неговото постојано заедништво. Само тогаш ќе бидеш навистина слободен да Му веруваш во секојдневните барања и можности на твојот живот. Како што Џорџ Матсон, писателот на црковни песни, запишал:

Направи ме заробеник, Господару,
И тогаш јас ќе бидам слободен;
Присили ме да го предадам мојот меч,
И јас освојувач ќе бидам.

Наспроти познатата идеа за слобода, вистинската слобода не се наоѓа во правото да се прави сè што ќе се посака. Попрво се наоѓа во моќта да се прави тоа што треба! Запомнете ги зборовите на Апостолот Павле, кој рекол: *Сè можам преку Христос, кој ми дава сила* (Филипјаните 4:13).

За време на пробудувањето во Северна Ирска во далечната 1859, стотици луѓе дошле при Исус. Овие обраќања ја изразувале нивната лична и сериозна посветеност кон Христос со потпишувањето на „Обврзување на Вера”. Во тоа време, толку многу луѓе имале такво искуство на промена на животот со Воскреснатиот Господ што моралната атмосфера на земјата била буквално променета.

Иако нема ништо повеќе пофално од тоа да се опее таков документ, можеби во ова време ќе биде добро да го потврдиш својот одговор кон Господ и да го потпиш документот на следната страна.

*А Бог на мирот, Кој преку крвта на вечниот завет Го изведе од мртвите Великиот Пастир на овците, нашиот Господ Исус, нека ве усоврши во секое добро за да ја извршувате Неговата волја, вршејќи го во нас она што му е мило Нему, преку Исус Христос, чија слава нека е во вечни векови. Амин!* (Евреите 13:20-21).

*Сега да ти помогнеме да направиш свое*

# *Предавање во Вера*

*Извадоците од Светото Писмо се забележани на страниците 98 и 99*

# *Моето предавање во вера*

**Го прифаќам Господ Таткото да биде мој Господ**
*Се обративте од идолите кон Бог, за да Му служите на живиот и вистиниот Бог.* (1 Солунците 1:9)

**Го прифаќам Исус Христос да биде мој Господар и Спасител**
*Бог Го возвиши Него (Исус) за Управител и Спасител на Својата десна страна, за да даде покајание…и проштевање на гревовите.* (Дела 5:31)

**Го прифаќам светиот Дух да ме исполни со љубовта Божја**
*Зашто Божјата љубов веќе е излеана во нашите срца преку Светиот Дух, кој ни беше даден.* (Римјаните 5:5)

**Го прифаќам Словото Божјо да биде мој водич**
*Целото Писмо е од Бог вдахновено и е полезно за поучување, за прекорување, за поправање и за воспитување во праведност, за да биде Божјиот човек совршен и подготвен за секое добро дело.* (2 Тимотеј 3:16,17)

**Го прифаќам народот Божји да биде мој народ**
*Твојот народ ќе биде мој народ, и твојот Бог – мој Бог.* (Рут 1:16)

**Се посветувам себе си во потполност на Господ**
*Никој од нас не живее за себеси и никој не умира за себеси, зашто ако живееме, живееме за Господ; ако умираме – умираме за Господ. Затоа, живееме ли или умираме, Господови сме.* (Римјаните 14:7,8)

**И јас го правам ова свесно**
*Денес изберете кому ќе му служите...јас и мојот дом ќе Му служиме на Господа.* (Исус Навин 24:15)

**И искрено**
*Се однесувавме во светост и побожна искреност, не во телесна мудрост, туку во Божја благодат.* (2 Коринќаните 1:12)

**И слободно**
*Во денот на Твојата сила, Твојот народ е готов...*
(Псалм 110:3)

**И засекогаш**
*Кој ќе нè одвои од Христовата љубов? Неволја ли, или мака, или прогонство, или глад, или голотија, или гибел или меч?*
(Римјаните 8:35)

Потпис: ..........................................................................

Дата: ...............................................................................

# *Писмо од Ирак*

Бев во Муслиманска (Шелти) дом. Моето семејство ме учеше да се молам и да постам муслимански. Се облекував како муслиманска жена, покривајќи го моето лице за ниту еден човек, кој ќе ме погледне в лице, да не го види гревот.

Поради сето ова, имав многу слободно време. Затоа го користев за да слушам многу радио програми и слушав многу Библиски пораки. Еден ден ја видов мојата снаа со неколку убави налепници со пријатни бои. Тогаш го напишав моето прво писмо под адресата на мојата снаа. Вашиот одговор ја содржеше книгата 'Твојата потрага по Бога'.

Се обидував да разберам што значи да се трага по Бог…Во глава 7 имаше прашање, „Дали Господ навистина ме љуби?" Посебно се задржав на пасусот кој вели: „Господ ја покажува Неговата љубов кон вас со тоа што Тој го сторил на крстот. Кога ќе го разберете значењето на крстот, не ти требаат понатамошни докази дека Господ ве љуби."

Ја прочитав таа глава повеќе од 100-тина пати. Тогаш започнав да разбирам без никаков сомнеж дека крстот е единствениот пат за мене.

# *Писмо од Унгарија*

Ти благодарам многу за испраќањето на Библијата заедно со книгата од Ричард А. Бенет: „Твојата Потрага по Бог".

Ја прочитав книгата проверувајќи ја секоја референца во Библијата.

„Твојата Потрага по Бог" многу ми помогна за да си разјаснам во што треба да верувам и зошто треба да верувам. Сега сум верник и, со помош на оваа книга, за цел живот и се посветив на верата.

**Сега те охрабруван да го читаш продолжението на оваaа книга, од истиот автор:**




## *Храна за Верата*

Исто како што човек може да биде воодушевен од рецептите во некој готвач и сепак да умре од глад, така може да биде воодушевен и од библиските „рецепти” за успешно живеење и сѐ уште да остане духовно потхранет!

Храна за Верата е библиско упатство напишано за да ти помогне да го прифатиш Словото Божјо од твои раце – до твојата глава – до вашето срце.

Дистрибуирано од: www.ccim-media.com